Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20%** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

Член **7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, буџетот на дотации или буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член **8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член **9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна бруто плата по вработен во Републиката за претходната година;
- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;
- на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Илинден и измените од истиот.

Член **10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2026 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член **11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од пет дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

---

[1] Во овој момент сеуште нема поднесено Закон за измени и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РСМ

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.
Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.
Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.
Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член **12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 50 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.
На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.
Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член **13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.
Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[2] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,$^{01}$ -24 часа цела дневница (700 денари).
За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

Член **14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.
Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 40% до 60% од просечната месечната нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

Член **15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Општинска администрација – Е0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена расходно конто 464990 – Разни трансфери

Член **16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.
Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни

[2] Член 20 став 2 алинеја 1 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судвите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21)

износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член **17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.
За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.
За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Член **18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма - Општинска администрација – Е0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.
Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, односно во висина на помошта утврдена со соодветниот колективен договор, а исплатата ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, расходно конто 464990 –Други трансфери.
Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

Член **19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот.

Член **20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член **21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.
Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член **22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член **23**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

Член **24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на
Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член **25**

Буџетот на Општина Илинден се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

Член **26**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина
Илинден", а ќе се применува од 01 јануари 2026 година.

Архивски број:08-2688/5

Датум на донесување: 22.12.2025 г.

Совет на Општина
Илинден

Претседател
М-р Светлана
Слезенковска с.р

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетски календар за 2026 година**

Се објавува Буџетски календар за 2026 година бр.08-2688/6 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/3
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Илинден на 3та седница одржана на 22.12.2025 година донесе

**Буџетски календар**
**на Општина Илинден за 2026 година**

| Ред. бр. | Активности | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1 | Советот на Општина Илинден го донесува буџетскиот календар. | Декември/Јануари |
| 2 | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите сектори и буџетски корисници. | Најдоцна до 31ви Август |
| 3 | Сите одделенија и буџетски корисници доставуваат Предлог план на програмите за развој и финансиски планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции до Одделението за финансиски прашања. | Најдоцна до 15ти Септември |
| 4 | Министерот за финансии доставува циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година. | Најдоцна до 30ти Септември |
| 5 | Одделението за финансиски прашања подготвува проценки на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови, ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог-буџет и го известува Градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 20ти Октомври |
| 6 | Одделението за финансиски прашања добиените Предлог планови на програми за развој од сите одделенија и буџетски корисници ги разгледува, анализира, усогласува и доставува до Градоначалникот. Градоначалникот ги доставува на одобрување до Советот на општината. | Најдоцна до 20ти Октомври |
| 7 | Советот на општината го одобрува Предлог планот на програми за развој. | Најдоцна до 15ти Ноември |
| 8 | Одделението за финансиски прашања го изготвува Предлог буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| **9** | Градоначалникот го доставува Предлог буџетот до Советот и организира јавна расправа по Предлог буџетот. | 15 Ноември |
| **10** | Советот на Општина Илинден го усвојува Предлог буџетот. | Најдоцна до 25ти Декември |

Буџетскиот календар на Општина Илинден за 2026 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Илинден ".

Архивски број:08-2688/6
Датум на донесување: 22.12.2025 г.

Совет на Општина Илинден
Претседател
М-р Светлана Слезенковска с.р

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации на основните училишта во Општина Илинден**

Се објавува Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации на основните училишта во Општина Илинден бр.08-2688/7 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во
Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/4
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски

Врз основа на член 157 и член 160 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20), член 46 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), и член 14 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден 15/10 и 4/22), Советот на Општина Илинден на седница одржана на 22.12.2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

### Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите врз основа на кои се врши распределба на блок дотациите што ги добива општината од Министерството за образование за основните училишта во Општина Илинден за 2026 година.

### Член 2

Добиените средства од блок дотациите за финансисрање на дејноста на основното образование се обезбедуваат преку трансфери од Буџетот на Р.Македонија.

Средставата од став 1 на овој член се распределуваат во Буџетот на Општина Илинден во програмата Н1, а врз основа на доставните финансиски планови на основните училишта доставени до општината, а кои се заоснoваат на критериумите за распределба на блок дотации утврден иво ччен 4 од оваа Одлука.

### Член 3

Средствата утврдени во член 2 од оваа Одлука, се распределуваат на основните училишта согласно Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20) и член 46 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22).

### Член 4

Критериуми за распределба на блок дотации по основни училишта се: основна сума по основно училиште во висина од 15% од вкупната дотација за Општина Илинден, бројот на ученици во основно училиште,

број на ученици за превоз во основно училиште, број на вработени во основно училиште, површина на училиште во м2.

Во распределбата ќе се користи и податок за вкупно пренесени обврски по основно училиште од претходната година.

**Член 5**

Распределба на средствата од блок дотацијата по основно училиште е според формулата:

**БДОУ = О + ПОУ + КПОУ**

БДОУ - Блок дотација за основно училиште
О - Основна сума по училиште
ПОУ - Пондерирани ученици
КПОУ - Коефициент (пондер) за површина по основно училиште

**О = (БДО * 15%) / 3**

БДО - Блок дотација за општина
О - Основна сума по училиште

ПОУ = БДор1 * Коу
Коу= [(Уоу / Уо) + (Уоуп / Уо) + (Воу / Ввк)] / 3

Коу - Коефициент (пондер) за основно училиште
Уо - Вкупен број на ученици во општина
Уоу - Број на ученици во основно училиште
Уоуп - Број на ученици за превоз во основно училиште
Ввк - Вкупен број на вработени во основните училишта
Воу - Број на вработени во основно училиште
БДор1 - Блок дотација (остаток за распределба)

**КПОУ = (Поу / Пвк) * БДор2**
**БДор2 = БДор1-ПОУвк**

Поу - Површина на основно училиште во м2
Пвк - Вкупна површина на основните училишта во м2
БДор2 - Блок дотација (остаток за распределба)
ПОУвк – Вкупен број на пондерирани ученици во основните училишта

**Член 6**

Средствата определени како блок дотации се користат за остварување на дејноста на основните училишта во Општина Илинден и тоа за: плати и надоместоци на вработените, стоки и услуги (комуналии, греење, електрична енергија, комуникации и транспорт, канцелариски материјали, алат и ситен инвентар, средства за одржување хигиена, весници и списанија, тековно одржување, други договорни услуги, други оперативни расходи и превоз на ученици).

Плати и надоместоци 114.970.000,00 денари

Стоки, услуги и трансвери 19.455.000,00 денари

Од блок дотациите се распределат и средства за капитални инвестиции:

Купување на опрема и машини 2.444.000,00 денари

Реконструкција на градежни објекти 4.560.000,00 денари

Училишен мебел и книги 490.000,00 денари

Преглед на распределба на Блок дотација за основно образование за 2026 година

| расходна Ставка | Назив на расходна ставка | Н1- Основно образование | ООУ “Гоце Делчев“ | ООУ “Браќа Миладиновци“ | ООУ “Ристо Крле“ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно годишно | **74.941.000,00** | **43.156.000,00** | **40.088.000,00** |
| **401** | **Основни плати и надоместоци** | **87,325,000.00** | **41,430,000.00** | **24,200,000.00** | **21,695,000.00** |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **33,957,000.00** | **16,160,000.00** | **9,380,000.00** | **8,417,000.00** |
| **404** | **Надоместоци** | **2,600,000.00** | **1,200,000.00** | **750,000.00** | **650,000.00** |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **7,533,000.00** | **3,574,000.00** | **1,672,000.00** | **2,287,000.00** |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **2,928,000.00** | **1,531,000.00** | **721,000.00** | **676,000.00** |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **5,287,000.00** | **2,829,000.00** | **1,390,000.00** | **1,068,000.00** |
| **425** | **Договорни услуги** | **6,745,000.00** | **3,372,000.00** | **2,204,000.00** | **1,169,000.00** |
| **426** | **Други тековни расходи** | **1,039,000.00** | **455,000.00** | **354,000.00** | **230,000.00** |
| **464** | **Разни трансфери** | **1,200,000.00** | **500,000.00** | **190,000.00** | **510,000.00** |
| **480** | **Купување опрема и машини** | **3,101,000.00** | **1,600,000.00** | **829,000.00** | **672,000.00** |
| **482** | **Други градежни објекти** | **3,614,000.00** | **70,000.00** | **1,272,000.00** | **2,272,000.00** |
| **483** | **Купување на мебел** | **2,716,000.00** | **2,200,000.00** | **144,000.00** | **372,000.00** |
| **485** | **Вложување и нефинансиски средства** | **140,000.00** | **20,000.00** | **50,000.00** | **70,000.00** |
| | | **158.185.000,00** | **74.941.000,00** | **43.156.000,00** | **40.088.000,00** |

**Член 7**

Средствата за блок дотации ќе се насочуваат поединечно по основни училишта од сметката за блок дотации на Општина Илинден месечно, односно по пристигнат трансфер од Министерството за образование.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Илинден ”.

Совет на Општина Илинден
Претседател
М-р Светлана Слезенковска с.р

Архивски број:08-2688/7

Дата 22.12.2025г

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/8 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/5
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

# ПРОГРАМА

## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА

**СОДРЖИНА:**

1. **ВОВЕД**
2. **ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ**
3. **ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**
4. **ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНА И СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРА**
5. **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
6. **ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**
7. **ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА**
8. **ГРАНИЦИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТИ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОК**
9. **ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
10. **ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.“ бр.5/02 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.202/24), член 20 став (1) точка 7 од Статутот на општина Илинден (“Сл.гласник на општина Илинден” бр.15/10 и 04/22), член 95 став (1) од Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на Р.М.” бр.15/15, бр.98/15, бр.193/15, бр.226/15, бр.31/16 и бр.142/16 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.275/19, 224/24, 233/24 и 87/25) и член 134 став (2) од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (“Сл.гласник на општина Илинден” бр.12/09), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 22.12.2025г донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Начинот и постапката за уредување на градежното земјиште се врши согласно Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на Р.М.” бр.15/15, бр.98/15, бр.193/15, бр.226/15, бр.31/16 и бр.142/16 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.275/19, 224/24, 233/24 и 87/25) и прописите кои произлегуваат од овој закон.

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден за 2026 година, претставува континуитет на превземените активности за уредувањето на градежното земјиште од претходните години и се базира на досегашното искуство во спроведувањето на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на населените места на подрачјето на општина Илинден. Основа за уредување на градежното земјиште претставуваат урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населено место, општи акти и друг вид на планска документација утврдена со закон.

Програмата за уредување на градежно земјиште е сеопфатна со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на граѓаните и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти, станбени објекти и друго.

Работите поврзани со уредување на градежно земјиште, општината ќе го врши преку јавно претпријатие, трговско друштво или друго правно лице кое има овластување за вршење на комунална или јавна услуга согласно со закон.

Работите за уредување на градежно земјиште општината може да ги врши и во облик на учество на приватен партнер, односно со склучување на договор со приватен партнер, почитувајќи ги при тоа принципите на транспарентност, јавност и еднаквост на учесниците.

## 2. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета изградената и неизградената земјиште на просторот на општина Илинден, опфатено со урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населено место, општи акти и друг вид на планска документација утврдена со закон.

## 3. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- Вршење подготвителни работи кое опфаќа: оформување на геодетска документација и извршување на основни геомеханички испитувања.
- Расчистување на градежно земјиште кое опфаќа: решавање на имотно правните односи (експропријација и слично), пренамена од земјоделско во градежно земјиште, уривање- отстранување на градежни и други објекти на градежната парцела, расчистување и

транспорт на материјалот од местото на уривање до депонија

## 4. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНА И СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРА

Градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Сл.весник на Р.М." бр.193/16 и бр.72/18 и Сл.весник на Р.С.М. бр.16/22), со инфраструктура од значење за општината утврдена со урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населено место, општи акти и друг вид на планска документација во согласност со закон.

Под обем на уредување (опремување) на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти на комунална инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето и опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на уредување опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела. Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

Бидејќи уредувањето на градежното земјиште на подрачјето на општина Илинден не го опфаќа целосно обемот на опремување, односно земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен се утврдува понизок степен на уреденост на градежно земјиште од основниот степен на уреденост. Опремувањето на градежното земјиште утврдено со оваа Програма ќе се врши само со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка, како понизок степен на уреденост од основниот. Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши по обезбедувањето на имотно правни, технички услови и материјални средства.

Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши инвеститор.

## 5. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден за 2026 година, се финансира од извори утврдени со Буџетот на општина Илинден за 2026 година.

Уредувањето на градежното земјиште што се однесува на одржување и изградба на јавно осветлување, изградба и реконструкција на општински улици и патишта, поставување на времени објекти и изработка на урбанистички планови е уредено преку донесување на поединечни Годишни Програми.

## 6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: геодетско снимање, изготвување на геодетски елаборати, ажурирање на геодетски подлоги, трошоци за пренамена од земјоделско во градежно земјиште, изготвување на елаборати за расчистување на имотно правните односи/експропријација, изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација, изработка на техничка документација и ревизија за изградба на улици, тротоари, одводна, фекална и атмосферска мрежа и друга комунална инфраструктура, изработка на студии и извештаи за

влијанието на плановите и проектите врз животната средина, изградба на нови улици и доизградба на постојните, изградба на тротоари, изградба на улично осветлување, изградба на фекална канализација, изградба на водоводни системи, изградба на мостови и одржување на каналска мрежа низнаселени места за одвод на атмосферски води.

## 7. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште во услови кога не се реализирани објектите на комуналната инфраструктура, согласно степенот на планирана уреденост се определува според Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден бр.07-474/5 од 25.02.2022 година (“Сл.гласник на општина Илинден” бр.2/22), а врз основа на новата корисна површина што ќе се гради согласно Основниот проект и дополнувањето на Основниот проект, помножена со коефициенти наведени во Правилникот за степен на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл.весник на Р.М.“ бр.193/16 и бр.72/18 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.16/22)

Доколку дојде до изменување и дополнување на Правилникот за степен на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл.весник на Р.М.“ бр.193/16 и бр.72/18 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.16/22) и Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден бр.07-474/5 од 25.02.2022 година (“Сл.гласник на општина Илинден” бр.2/22), надоместокот ќе се пресметува согласно важечкиот Правилник и утврдената висина на надоместокот.

Општина Илинден не се обврзува комунално да го уреди градежното земјиште за потребите на планските опфати кои се разработуваат согласно Урбанистички проект член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 101/25 и 127/25).

Не се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти за кои инвеститор е општина Илинден.

Плаќањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште се врши на сметка на Буџет на општина Илинден врз основа на пресметка пришто средствата од истиот се користат за уредување на градежното земјиште.

Градоначалникот на општина Илинден може да склучи Договор за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште до 9 (девет) еднакви месечни рати, доколку износот на надоместок е над 40.000.000,00 (четириесет милиони) денари за правни лица и за физички лица, а доколку надоместокот е помал од 40.000.000 (четириесет милиони) денари но не помал од 20.000.000 (дваесет милиони) денари, градоначалникот може да склучи Договор за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за плаќање до 4 (четири) еднакви месечни рати, зашто до општина Илинден, Одделение за финансиски прашања треба да се приложи Банкарска гаранција. Првата рата се плаќа со издавањето на одобрението за градење, додека втората рата треба да се плати до 15 (петнаесетти) во тековниот месец.

Одобрение за градење на објект се издава врз основа на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, односно од денот на склучување на Договорот за начин на плаќање на надоместок на рати, односно од денот на донесување на акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместок а кој акт го донесува Советот на општина Илинден. Без платен надоместок за уредување на градежно земјиште, односно без платена прва рата по случен Договор за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на рати, Општина Илинден нема да издаде Одобрение за градење, освен ако согласно закон е донесен акт со кој инвеститорот се ослободува од надоместокот, а кој го

донесува Советот на општина Илинден.

Доколку инвеститорот на издаденото одобрение за градење не може да почне со градење по вина на органот кој го издал одобрението за градење, по негово барање може да му се вратат финансиските средства уплатени како надоместок за уредување на градежното земјиште.

За објекти кои се отпочнати со градба и во текот на градбата не се постапува согласно издаденото одобрение за градење (во тој случај одобрението за градење и проектната документација се ништовни), а во меѓувреме настанала измена на условите за градба по избор на инвеститорот или заради измена или донесување на нов урбанистички план и локална урбанистичка планска документација, надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува во целост согласно новата техничка документација, важечките урбанистички планови, локална урбанистичка планска документација и позитивни законски прописи.

## 8. ГРАНИЦИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТИ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОК

Границите за планските опфати за кои постои валидна планска документација за кои се пресметува надоместок за уредување на градежното земјиште се состои од две зони и тоа:

**ЗОНА - I**

Подрачјето на оваа зона се состои од населено место Илинден, Кадино, Марино, Бунарџик, Ајватовци и Миладиновци.

**ЗОНА - II**

Подрачјето на оваа зона се состои од населено место Бујковци, Мршевци, Бучунци, Текија, Дељадровци и Мралино.

## 9. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на општина Илинден од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите извори на средства утврдени во Буџетот на општина Илинден за 2026 година.

## 10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Започнати постапки за издавање на Одобрение за градење ќе продолжат според прописите кои важеле до денот на стапување во сила на оваа Програма, а согласно законски предвидениот рок за нивно завршување.

За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Илинден.

Составен дел на оваа програма е тарифникот за висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште по класа на намена.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Илинден.

Арх.бр:08-2688/8
Дата: 22.12.2025
Илинден

СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Претседател,
**м-р Светлана Слезенковска**
**с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за финансирање на изработката на урбанистички планови на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програмата за финансирање на изработката на урбанистички планови на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/9 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/6
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

# ПРОГРАМА

## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА
## НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО
## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА

**СОДРЖИНА:**


11. **ОПШТИ ОДРЕДБИ**
12. **ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА**
13. **ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**
14. **ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
15. **ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
16. **ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.бр.05/02), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10), член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.12/09), Член 40 од Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден ________________ година, ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Програмата за изработка на Урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2026 година, претставува основа за изработка и донесување на Урбанистички планови за село, Урбанистички планови вон населено место како и за нивна измена и дополна, изработка на стручни ревизии, изработка на ажурирани геодетски подлоги, изработка на Извештаи за стратешка оцена на влијание врз животна средина, изработка на Општ акт, како и за негова измена и дополна, изработка на Урбанистички проекти и е основа за уредување и опремување на градежното земјиште.

### 2. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на Програмата за изработка на Урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2026 година се урбанистички планови, за кои не е отпочната/завршена постапка за нивно донесување и урбанистички планови и друг вид на урбанистичко планска документација утврдени со Закон.
Со Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2026 година се предвидува изработката на следните урбанистички планови и друг вид на урбанистичко планска документација:

| Р.Б. | Урбанистички план/општ акт | Населено место | Намена на земјиште (ха) | Намена на земјиштето | Финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Урбанистички план за село Ајватовци со детална разработка на еден блок | Ајватовци | 46.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 2 | Урбанистички план за село Миладиновци со детална разработка на еден блок | Миладиновци | 125.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 3 | Урбанистички план за село Текија со детална разработка на еден блок | Текија | 12.51 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 4 | Урбанистички план за село Мралино со детална разработка на еден блок | Мралино | 68.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 5 | Урбанистички план за село Бучинци со детална разработка на едел блок | Бучинци | 40.0 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 6 | Урбанистики план за село Мршевци со детална разработка на еден блок | Мршевци | 80.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 7 | Урбанистички план за село Бујковци со детална разработка на еден блок | Бујковци | 60.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Урбанистички план за село Дељадровци со разработка на еден блок | Дељадровци | 45.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 9 | Урбанистички план за вон населено место Мралино за зона Дрма, КО Мралино | Мралино | 136.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 10 | Измена и дополнување на Урбанистички план за село Илинден, Блок 33 | Илинден | 7.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 11 | Урбанистички план вон населено место Миладиновци | Миладиновци | 170.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 12 | Изменување и дополнување на УБ3 и УБ4 од Урбанистички план вон населено место Илинден, за дел од стопански комплекс, КО Илинден | Илинден | 25.08 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 13 | Изменување и дополнување на блок 22 од Урбанистички план за село Излинден со разработка на блок 22 | Илинден | 5.3 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од буџетот на Општина Илинден и други извори на финансирање |
| 14 | Урбанистички план за вон населено место за уредување на земјиштето со намена А4.3 - викенд куќи во мв Амајлија, КО Кадино општина Илинден | Кадино | 1.84 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 15 | Измена и дополна на блок 3 од урбанистички план за село Илинден со разработка на Блок 3, 4, 5, 13, 14, 24, 26, 32 и 33, Општина Илинден (плански период 2015-2025 година) со одлука бр.07-2660/4 од 28.10.2015 година. | Илинден | 3.50 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 16 | Урбанистички план вон населено место за повеќенаменски комплекс со намена Е2-згради и комплекси на инфраструктурни системи и Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, КО Текија и КО Бујковци, Општина Илинден | Текија, Бујковци | 18.04 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 17 | Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Илинден со разработка на блок 10, Општина Илинден | Илинден | 3.20 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 18 | Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 25, Општина Илинден | Кадино | 10.9 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 19 | Урбанистички план вон населено место за намени Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Г4 – Стоваришта, складови и отпади, м.в. Шамак, КО Мралино, Општина Илинден | Мралино | 18.00 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 20 | Измена и дополна на Блок 41 од урбанистички план за село Илинден со разработка на Блок 3, 4, 5, 13, 14, 24, 26, 32 и 33, Општина Илинден (плански период 2015-2025 година) со одлука бр.07-2660/4 од 28.10.2015 година | Илинден | 4.10 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 21 | Измена и дополна на Блок 3 од урбанистички план за село Кадино со разрработка на Блок 2, 3, 12, 16, 17, 19, Општина Илинден | Кадино | 6.23 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 22 | Измена и дополна на Блок 9 од урбанистички план вон населено место Локалитет КАРАГАЧ, општина Илинден | Илинден-вонград | 9.70 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |
| 23 | Измена и дополна на Блок 20 и Блок 20А од урбанистички план за село Марино со разработка на Блок 4,6,9,12 општина Илинден | Марино | 22.81 | Законот за урбанистички планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) | Од други извори на финанстирање |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО : | **918.21 ха** |

## 3. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. Графички прилог за планска документација под реден борј 1 од табеларен приказ



2. Графички прилог за планска документација под реден број 2 од табеларен приказ



3. Графички прилог за планска документација под реден број 3 од табеларен приказ



4. Графички прилог за планска документација под реден број 4 од табеларен приказ



5.



6. Графички прилог за планска документација под реден број 6 од табеларен приказ



7. Графички прилог за планска документација под реден број 7 од табеларен приказ



8. Графички прилог за планска документација под реден број 8 од табеларен приказ



9. Графички прилог за планска документација под реден број 9 од табеларен приказ




Планскиот опфат на графичкиот приказ е означен со виолетова боја (магента), а со црвена боја е означена граница на катастарска општина Мралино. За овој плански опфат Општина Илинден не располага со ажурирана геодетска подлога, истата ќе биде изработена со разработката на оваа урбанистичка планска документација и точно ќе биде утврдена границата на планскиот опфат.

10. Графички прилог за планска документација под реден број 10 од табеларен приказ



11. Графички прилог за планска документација под реден број 11 од табеларен приказ

Планскиот опфат на графичкиот приказ е означен со црвена боја и за истиот Општина Илинден нема ажурирана геодетска подлога, истата ќе биде изработена со разработката на оваа урбанистичка планска документација.



12. Графички прилог за планска документација под реден број 12 од табеларен приказ

Планскиот опфат се наоѓа во катастарска општина Илинден и за истиот има изработено урбанистичка планска документација, односно Урбанистички план за вон населено место Илинден за дел од стопански комплекс, КО Илинен, Општина Илинден и истиот е наменет за измена на УБ3 и УБ4.



13. Графички прилог за планска документација под реден број 13 од табеларен приказ



14. Графички прилог за планска документација под ред.бр.14 од табеларен приказ:



15. Графички прилог за планска документација под реден број 15 од табеларен приказ



16. Графички прилог за планска документација под ред.бр.16 од табеларен приказ



17. Графички прилог за планска документација под ред.бр.17 од табеларен приказ



**Вредност за адаптацијата...............................................3.500.000,00 денари**
**Опремување на кујната.................................................. 2.000.000,00 денари**
**Опрема за двете нови занимални...................................1.550.000,00 денари**

3. **Доделување на новогодишни поклони на деца кои потекнуваат од социјално-загрозени домаќинства и деца со посебни потреби**

За децата – жители на Општина Илинден кои потекнуваат од социјално- загрозени домаќинства, Општината секоја година доделува новогодишни поклони. Поклоните ќе се доделуваат по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа и Училиштата, за децата на возраст до 14 години кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и деца со посебни потреби.

4. **Хуманитарна акција „Подај рака-хумана општина Илинден“**

Донација на храна и хигиенски производи наменети за социјално загрозената категорија на граѓани на територија на општина Илинден во соработка со Црвен крст.

5. **Изработка на проект за Дневен центар за лица со попреченост**

Изработка на проект за отворањето на Дневниот центар за лица со попреченост, со што ќе обезбедуваме поддршка, грижа и социјална интеграција за лицата со посебни потреби. Центарот ќе понуди различни програми за развој на вештини, терапевтски активности и можности за вклучување во заедницата, со цел подобрување на квалитетот на живот и зголемување на самостојноста.

6. **Поддршка на здруженија и дополнителни активности**

Освен со помош од финансиски и материјални средства обезбедени во Буџетот на општината кои ќе се доделуваат на категориите на лицата согласно оваа програма,

општината ќе превземе и други активности, кои најсоодветно ќе одговорат на потребите на граѓаните на општината.

Како дел од тие активности се сметаат следните:

- Подршка на здруженија на пензионери и клубови;
- Организирање на хуманитарни акции за помош на социјално загрозените лица (собирање на облека, храна, покуќнина и сл.);
- Посета на болни и изнемоштени лица;
- Соработка со Центарот за социјални работи и со училиштата во општината, а со цел идентификување на децата со социјални проблеми и обезбедување на соодветен третман на истите.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите во обласа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Илинден за 2026 година во вкупна вредност од **8.050.000,00 денари.**

За реализација на дел од активностите наведени во точка II од Програмата ќе се користат средства од тековните резерви од Буџетот на Општина Илинден.

## IV. АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Илинден има граѓански сектор за социјализација, едукација и инклузија на социјално ранливи групи, деца без родители.

Општина Илинден ќе ги поддржи нивните напори за иновативни форми за згрижување и социјализација на овие граѓани преку:

- Обезбедување стручна, техничка помош и друга поддршка со кадри и опрема со која располага;
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти во областа на социјалната заштита.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За практичната реализација и следењето на активностите од програма за спорт и спортски настани се задолжува Одделението за Лер, јавни и комунални дејности и заштита на животната средина и Одделението за финансиски прашања.

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службен гласник на Општина Илинден.

**Ар.број 08-2688/16**
**Датум на донесување 22.12.2025г**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за активностите на општина Илинден во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2026 година**

Се објавува Програма за активностите на општина Илинден во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2026 година бр.08-2688/17 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/14
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) а во согласност со член 9 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15,71/16, 106/16, 83/18, 82/20 и 215/21) и член 20 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Илинден (Службен гласник на Општина Илинден бр.15/10 и 4/2022) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 22.12.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Илинден во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2026 година**

Со ова Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето во противпожарната заштита, Доброволните противпожарни друштва, Општинскиот противпожарен сојуз, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Полициската станица и други организации и институции кои остваруваат активности од јавен интерес. Според законските одредби Општина Илинден во 2026 година овие активности ќе ги остварува, насочува и координира преку **:**

- Советникот за заштита и спасување;
- Општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва и други субјекти и институции зависно од видот на активноста што ќе се реализира.

1. Цели

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, пожари во населените места, во шуми, отворени простори и други опасности,
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мирновремени, вонредни, воени и други изменети несекојдневни состојби;
- Создавање услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра;
- Обезбедување на услови за навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елементирање на причините за настанувањето и ублажување, локализирање и елиминирање на опасноста;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координација на силите за заштита и спасување за справување со опасностите со кои ќе биде зафатена општината во координација со надлежните институции.

Основна цел на програмата:

- ✓ Основна цел на оваа програма е да се обезбедат основни средства за превентивно делување на подрачјето на Општина Илинден.
- ✓ Да се врши едукација и подготовка за превентивно делување.

- ✓ Дооформување на Доброволните противпожарни друштва и нивно дооопремување и обука.
- ✓ Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи.
- ✓ Теориска едукација и практични показни вежби за евакуација при катастрофи во соработка со Подрачното одделение за заштита и спасување и Подрачното одделение за управување со кризи .

2. Вид и обем на работите

2.1 Мерки за спречување на настанување на поплави

На територија на Општина Илинден постои систем за одводнување, кој прифаќа дел од подземната и атмосферска вода и ја одведува од подрачјето. Овој систем е регионален и ги собира и одведува отпадните од општините: Арачиново, Гази Баба, Илинден и Петровец. Со постојаната пумпна станица лоцирана во месноста Таор овие води се испуштаат во реката Вардар.

Од тие причини потребно е редовно чистење и одржување на системот за одводнување што е во надлежност на АД Водостопанство на РМ , подружница водостопанство ,,Скопско поле‘‘.

Во рамничарскиот дел постои мрежа од одводни отворени земјени канали со вкупна должина од преку 120 км. од кои:

- Главна,секундарна и терцијална каналска мрежа во надлежнист на АД Водостопанство на РМ, подружница водостопанство ,,Скопско Поле‘‘ во должина од 55.515 км
- Останатата каналска мрежа до 120 км се ендеци и шанци
- Единствена река во Општина Илинден е Сува река. Таа се формира од две притоки, од кои едната минува низ населените места Бучинци каде има изградено акумулација за собирање на поголем доток на вода со вграден испуст (меѓутоа долгогодишното неодржување на истата може да биде еден од факторите кои ќе доведат до поплава) при што водата истекува кон населените места Мршевци и Бујковци со должина од 6000 м., а другата поминува низ н.м.Дељадровци, Текија и Миладиновци со должина од 4000 м. и продолжува кон Петровец со должина од 5000 м., одводнувајќи ги овие подрачја. На одредени делници од течението, речното корито е недефинирано поради што доаѓа до излевање на водата при поголеми врнежи

Бидејќи каналите за одводнување, вклучувајќи ја и Сува Река, се единствениот расположив транспортен пат на сите води кон главниот реципиент реката Вардар, наведената состојба доведува до застој (лежење на водите на површина), при што постои опасност од поплавување и замочурување на површините, дополнително подигање на нивото на подземните води и нивно загадување, како и до дополнително нарушување на квалитетот на животната средина.

За да може регионалниот систем за одводнување на Скопската котлина да ја исполнува својата функција, да го намалува нивото на подземните води и со тоа да го штити земјиштето од замочурување и поплавување, како најприфатливо решение за општините на чија територија се протега овој систем, се наметнува потребата од редовно чистење и одржување на постојаната каналска мрежа и објектите на системот, како и доизградба на дополнителни дренажни канали.

Одржувањето на каналската мрежа на територија на општина Илинден што спаѓа во рамките на системот ХМС „Скопско Поле“ е во надлежност на Водостопанство на РМ подружница Скопско Поле, а за одводнување на физички и правни лица Водостопанство наплаќа надоместок врз основа на Методологија за утврдување на надоместокот кој ја усвојува Владата на РМ на предлог на Министерството за земјоделство, шумарарство и водостопанство.

Превентивни и оперативни мерки за заштита од поплави:

- Навремено чистење на водотеците
- Регулација на коритата и поројниците и одржување на регулационите делови од речните корита
- Годишно континуирано одржување на каналската мрежа со машинско и рачно чистење
- Нивелирање на каналската мрежа
- Зголемување на капацитетите на пумпите во Таор
- Изградба на заштитни насипи на речните корита, особено на места каде се евидентирани чести излевања
- Запознавање на населението за опасностите од појава на поплави,

2.2. Мерки за спречување на настанување на пожари во шумски подрачја и урбани средини

- А. Мерки што се однесуваат на сите степени на загрозеност
- Б. Мерки што се однесуваат за првиот и вториот степен на загрозеност (многу голема и голема загрозеност)

А. Мерки што се однесуваат на сите степени на загрозеност

- Заради заштита на шумите од I и II степен на загрозеност од пожари се превземаат следните мерки:
  - се организира набљудувачка и известителна служба;
  - се обезбедуваат технички средства и алатки за гаснење на пожари и се одржуваат во исправна состојба;
  - се поставуваат знаци за забрана и предупредување на опасност од појава на шумски пожари на видни места на влезовите во шумата, на јавни сообраќајници, на шумски патишта, на места за одмор и рекреација и на други места каде што има движење на луѓе;
  - се формираат и оспособуваат мобилни групи од вработените за гаснење на шумски пожари;
  - се работи на развивањето на безбедносната култура и се врши јавно информирање за опасноста од пожари;

Б. Мерки што се однесуваат за првиот и вториот степен на загрозеност (многу голема и голема загрозеност)

- се поставуваат набљудувачи за брзо откривање на шумски пожари;
- се отвораат просеки во шуми;
- се создаваат безбедносни појаси во шумите и шумските култури низ кои минуваат јавни сообраќајници, далноводи и покрај земјоделски комплекси;
- се формираат појаси од листопадни видови на дрвја, при подигање на нови култури од иглолисни видови на дрвја;

- се зајакнува контролата на движење на луѓе во шумите во периоди на зголемена опасност од појава на пожари (високи температури, ниска релативна влажност на воздухот, влажност на шумската простирка, подолготрајна суша и др.)

Согласно член 69 од Законот за заштита и спасување единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишаните стандарди.

Согласно член 70 од Законот за заштита и спасување инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи во кои се наведени постапките за заштита и спасување во евентуална појава на пожар и на видни места да ги истакне броевите од Противпожарната бригада и Брзата помош.

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди, се формираат противпожарни единици.

Согласно член 5 од законот за пожарникарство Противпожарната единица на Град Скопје го покрива подрачјето на Општина Илинден.

Набљудување и известување

Набљудувањето на територијата на Општина Илинден е организирано со редовна контрола и дежурства на терен од страна на членовите на Доброволните Противпожарни Друштва, членовите на Штабот за заштита и спасување при Општина Илинден и локалното население кои при евентуална појава на пожар веднаш ја известуваат Противпожарната Бригада на Град Скопје и одговорните лица од Општина Илинден - Советникот за заштита и спасување,

Се известува Противпожарната Бригада (доколку не е известена), се пристапува кон гаснење на пожарот, се прави записник за локацијата на пожарот, причинетата штета и зафатено подрачје. Наведените служби и субјекти, сознанијата од теренот ги пренесуваат преку телефонски врски, до објектот од каде што информацијата се усмерува во повеќе правци и тоа:

- Штаб за заштита и спасување на Опшина Илинден;
- Противпожарен сојуз на Општина Илинден ;
- Дирекцијата за Заштита и спасување;
- Центарот за управување со кризи;
- Бригада за противпожарна заштита;
- Министерство за одбрана и
- МВР.

| Табела на телефони за контакт во случај на пожар: | |
|---|---|
| ПОЛИЦИЈА | 192 |
| ПРОТИВПОЖАРНА БРИГАДА | 193<br><br>3143-010 |
| БРЗА ПОМОШ | 194 |

| | |
|---|---|
| РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 2 433 384 |
| ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ | 3249-101 |
| ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ГАЗИ БАБА | 3223-490 |
| МАКЕДОНИЈА ПАТ | Телефон 3138 - 724<br>Тел. факс 3138 - 736<br>Дисп. Служба 2561- 502 |
| МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ | 3248-701 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 3282-042 |

МЕРКИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ ПОЈАВА НА ПОЖАРИ

Во зависност од интензитетот, јачината и зафатеноста на пожарот одговорното стручно лице, заедно со реонските шумо - чувари, се упатува на местото на опожарувањето, каде се врши проценка на сили и средства кои се потребни за гаснење на пожарот и веднаш се пристапува кон обезбедување на потребните сили и средства и нивното ставање во функција.

- За ефикасно и навремено откривање на пожарите потребно е организирано дејствување на Општинскиот противпожарен сојуз и Доброволните Противпожарни Друштва, односно нивно доопремување со Противпожарна опрема.
- Организирање и реализирање на Обука за пожарникари за добивање на Сертификат за пожарникари.

2.3. Активности

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштита и спасувањето во услови на разни други видови непогоди, кризни појави и други несреќи во мир. Во ова насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност, одржување на противпожното возило со опремување за негова целосна функционалност како и одржување на друга противпожарна опрема. Општина Илинден преку оваа Програма за 2024 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна и техничко стручна подготвена единица за противпожарната заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Илинден и другите општини и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето од просторот на општината.

3. Финансирање

Финансирањето на активностите од обласа на заштита и спасување, дејствувањето Општинскиот штаб за заштита и спасување, Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва (со посебна програма), утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од :

- Средства од буџетот на Општина Илинден,
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, домашни и странски фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштита од пожари, доброволно противпожарно организирање и за друг вид несреќи;

Финансирање на Програмата:

- Оваа Програма дава поддршка за реализирање на целите на заштита и спасување од пожари на територија на Општина Илинден, противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување, доброволната противпожарна организација и спроведување на други обуки и мерки за заштита и спасување на населението и на материјалните добра за побезбедна општина;
- За горенаведените активности се предвидува да се обезбедат финансиски средства во износ од **100.000,00 денари**

4. Изработка на проектна документација

-Изработка на основен проект за изградба на објект за противппожарна заштата и полициска станица **500.000,00 денари**

5. Други форми и активности за побезбедна општина со здружување и помагање на субјектите од заштитно-спасувачката организираност на територијата на општината:

- Активности на Штабот за заштита и спасување, Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противожарни друштва, освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе се помагаат и стимулираат и со:

- Учество на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и Општинскиот противпожарен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби и други настани;

- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

6.Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Арх.број 08-2688/17**
**Датум на донесување 22.12.2025г**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за заштита и унапредување на животната средина во општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за заштита и унапредување на животната средина во општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/18 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/15
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Закон за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02 и 202/2024), член 20 став 1 точка 10 од Статут на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.15/2010 и 4/2022), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 22.12.2025 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
## За заштита и унапредување на животната средина во Општина Илинден за 2026 година

### 1. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Унапредување на квалитетот на водата, воздухот и почвата.
- Намалување, селектирање и рециклирање на отпадот.
- Заштита на здравјето на населението од негативни еколошки влијанија.
- Подигнување на јавната свест и едукација за животната средина.
- Подобрување на мониторингот и управувањето со животната средина.
- Одржливо користење на природните ресурси и зачувување на биодиверзитетот.
- Поттикнување на исполнување на еколошките стандарди во стопанските активности.
- Поддршка на образовни, истражувачки и развојни активности за унапредување на животната средина.

**1.2. Предмет на програмата:**

- Заштита на водните ресурси преку спречување на загадувањето, подобрување на квалитетот на водите и изградба/надградба на системи и станици за прочистување на отпадните води.

- Редовно одржување, чистење и санација на атмосферската и фекалната канализациска мрежа, како и уредување и чистење на речните корита и одводните канали.

- Унапредување на системот за управување со отпадот во општината преку воведување и проширување на примарната селекција, оптимизација на собирањето и транспортирањето на отпадот и поттикнување на рециклирање.

- Спроведување на проектот „Зелена Општина Илинден“, кој опфаќа формирање нови зелени површини, уредување запуштени простори, засадување зеленило и подобрување на визуелниот и еколошкиот квалитет на урбаната средина.

- Развивање стратегии и превентивни мерки за намалување на ризиците по животната средина, вклучително управување со природни непогоди, климатски промени и други еколошки закани.

- Зголемување на јавната свест, едукација и активно вклучување на граѓаните во заштита и унапредување на животната средина.

### 2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**2.1.** Програма ќе се финансира со средства од Буџетот на Општина Илинден за 2026 година во вкупна вредност од **202.915.230,77 денари**.

За реализација на програмските активности и проекти, планираните средства ќе се распределат на следниов начин:

| | Проект | Предвидени средства (денари) |
|---|---|---|
| 1 | Изградба на канализациски систем за прифаќање и одведување отпадни води во наелено место Миладиновци | 69.902.063,60 денари<br><br>(двегодишно финасирање 2026/2027 г) |
| 2 | Изградба на канализациски систем за прифаќање и одведување отпадни води Кадино крак 2 | 5.744.274,00 денари |
| 3 | Изградба на канализациски систем за прифаќање и одведување отпадни води Кадино крак 4 | 1.703.651,00 денари |
| 4 | Изградба на канализациски систем за прифаќање и одведување отпадни води Кадино крак 3 | 22.440.000,00<br>(средства обезбедени од Министерство за животна средина) |
| 6 | Проектирање и изградба на фекална канлзиација на улица 22 кај ЖСТ Илинден | 25.000.000,00 денари<br>(двегодишно финасирање 2026/2027 г) |
| 7 | Изградба на пречисителна станица во н.м Јака | 15.000.000,00 денари<br>(двегодишно финасирање 2026/2027 г) |
| 8 | Изградба на препумпни уреди во делови на н.м Илинден, Марино и Кадино | 13.500.000,00 денари |
| 9 | Реконструкција на главна водоводна линија на улица 9 во населба Илинден | 17.648.242,17 денари |
| 10 | Стручен надзор за изградба канализационен систем за прифаќање и одведување отпадни води со пречистителни станици и водоводи | 500.000,00 денари |
| 11 | проекти за изградба на фекална канализација и пречистителни станици за третман на отпадни води и водоводни системи | 700.000,00 денари |
| 12 | Изработка на физибилити студија за Гасификација- секундарна мрежа | 300.000,00 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Изработка на проект за коритото на Главен канал Илинден-Марино | 300.000,00 денари |
| 14 | Одржување и чистење на каналска мрежа и чистење на речни корита | 4.300.000,00 денари |
| 15 | испитување на квалитет на воздух, вода, почва | 100.000,00 денари |
| 16 | Озеленување и пошумување на јавни површини и оформување на простори за излет и рекреација | 250.000,00 денари |
| 17 | Изградба на парк на влезот во н.м Илинден (ограѓе) на површина од 5000м2 | 21.000.000,00 денари |
| 18 | Изградба на парк во Миладиновци на површина од 2000м2 | 3.000.000,00 денари |
| 19 | Изградба на парк во Дељадровци на површина од 1000м2 | 1.500.000,00 денари |
| **ВКУПНО** | | **202.915.230,77 денари** |

## 3. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

За реализација на наведените цели ќе се врши:

### 3.1 . Заштита на водите

- Изградба на канализациски систем за прифаќање и одведување отпадни води Илинден, Марино, Кадино, Миладиновци

- Чистење, нивелирање и одржување на каналска мрежа (главна, секундарна и терцијална) и речни корита на територија на општина Илинден;
- Реконструкција на главна водоводна линија на улица 9 во населба Илинден
- Како и изградна на паркови во Илинден, Миладиновци и Дељадровци

### 3.2. Уредување на паркови и нови зелени површини

-Зголемување на зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, деградираниот простор, подобрување на визуелниот изглед.
- уредување на запуштени зелени површини во општината
- подигнување на нови зелени површини;
- формирање парк шуми и зелени плоштади
- засадување на дрворед од високо стеблени садници покрај главни улици
- Набавка на саден материјал за пролетно и есенско хортикултурно уредување на општината: цветен расад и декоративни садници.

**4. Извршител на Програмата**

Извршителите имаат обврска за континуирано, квалитетно и навремено известување и превземање мерки согласно Програмата за заштита и унапредување на животната средина во Општина Илинден за 2026 година.

Одговорен субјект за спроведување на Програмата се јавните претпријатија или правното лице на кое му е доверено извршувањето на работите во делот на животната средина.

**5 . Завшни одредби**

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службен гласник на Општина Илинден.

Ар.број 08-2688/18
Датум на донесување 29.12.2025г

Совет на Општина Илинден
Претседател
м-р Светлана Слезенковска с.р

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за спорт и млади во општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за спорт и млади во општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/19 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/16
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), и член 20 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Илинден (Сл. Гласник на Општина Илинден бр. 15/2010 и 4/2022), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 22.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за Спорт и млади**
**во Општина Илинден за 2026 година**

## I. ВОВЕД

Спортот и младите како дел од општеството заземаат доминантно место во интересите на секоја општина и имаат големо влијание во секојдневието на граѓаните. Преку успесите во спортот се афирмира самата Општина како на републичко, така и на меѓународно ниво. Општина Илинден ќе застане зад успесите на спортистите преку нивна поддршка почнувајќи од најмала возраст па се до нивните врвни успеси, а со тоа ќе придоносе за успешен развој на децата и младите во сите можни сегменти.

## II. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за спорт и млади во општина Илинден за 2026 година се следниве:

1. Организирање и збогатување на спортско-рекреативниот живот во Општината.
2. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.
3. Афирмација на Општина Илинден како развиен спортски центар во нашата земја и надвор од неа.
4. Афирмација на Општина Илинден во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## III.АКТИВНОСТИ

**1. Организирање на спортски манифестации**
**и поддршка на спортски настани.................................. 850.000,00 ден**

**- Денови на спорт на младите во општина Илинден**

На спортските терени во општина Илинден ќе се одржи спортската манифестација ,,Денови на спорт на младите во општина Илинден”, на кои се планира да се натпреваруваат учениците од основните општински училишта во општината, како и учениците од средното општинско стручно училиште ,,Илинден”.
Се планираат натпревари во: футсал, ракомет и одбојка во машка и женска категорија, турнир во баскет, турнир во шах, елементарни штафетни игри за ученици од одделенска настава.

**-Меѓународен фудбалски турнир „ИЛИНДЕН КУП 2026“....600.000,00 денари**

Поддршка во организирање на Меѓународниот фудбалски турнир „ИЛИНДЕН КУП 2026“ за деца на возраст од 7 до 12 години, со учество на над 2000 учесници и околу 160 екипи од европски, балкански и македонски клубови. Турнирот ќе се одржи на спортските терени во

Марино и Кадино.

**- Поддршка на спортски настани, меморијални и традиционални турнири....150.000,00 денари**

Средствата се планираат да се наменат за поддршка и покровителство на спортски настани (шаховски турнир во општината и планински вело настан во општината под наслов Експедиција:низ срцето на Илинден), како и меморијални и традиционални турнири кои ќе се организираат на територијата. Средствата се предвидени за набавка на пехари, медаљи, маици, дресови,фудбалски топки, мрежи, освежителни пијалоци и озвучување.

**- Поддршка на Училишен спорт..............................................80.000,00 денари**

**2. Субвенции и трансфери ....................................................1.900.000,00 ден.**
**Средствата се планираат да се наменет за локалните фудбалски и останатите клубови како и клубови (колективи) од регионално и национално значење:.......................................................... 1.120.000,00 денари**
**-Субвенции и поддршка на индивидуални спортисти од Општина Илинден.........................................................................700.000,00 денари**

**3. Капитални инвестиции во спортска инфраструктура 58 000 000,00 ден.**

Во делот на капитални инвестиции се планира:

- Изградба на трибина, осветлување и паркинг на стадионот во Илинден;

- Реконструкција на спортски комплекс во н.м Миладиновци;
- Реконструкција на мултинаменси спортски игралишта во:
  - Во Илинден (ограѓе);
  - Во марино (спортски комплекс);
  - Во Мралино (подрачно училиште);
  - Во Илинден на улица 19;

- Изградба на Памп патека за велосипедисти;
- Реновирање на спортската сала во Илинден;
- Изградба на спортска сала во Миладиновци;

Во делот на изработка на проектна документација се планира:
- Изработка на проект за затворен базент во општина Илинден;
- Проект за рехабилитација на тревна површина за фудбалско игралиште во Миладиновци;

**4. Поставување на урбана опрема 6.200.000,00 ден,**

Со активностите се планира поставување на урбана опрема на повеќе локации јавни површини на територија на општината и при тоа да се се постават (клупи, корпи за отпадоци, детски реквизити, заштитна ограда и заштитни мрежи, опрема за вежбање, одржување на детски реквизити на детси игралишта и друго).

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма се планира да биде од Буџет на општината, дотации и донации, за што предвидени се средства во висина од **67.550.000,00 денари.**

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За практичната реализација и следењето на активностите од програма за спорт и спортски настани се задолжува Одделението за Лер, јавни и комунални дејности и заштита на животната средина и Одделението за финансиски прашања.

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службен гласник на Општина Илинден.

**Ар.број 10-2772/16**
**Датум на донесување 29.12.2025г**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за култура и културни манифестации на општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за култура и културни манифестации на општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/20 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/17
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002) и член 20 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Илинден (Сл. Гласник на Општина Илинден бр.15/2010 и 4/2022), Советот на Општина Илинден на 3-та седница одржана на ден 22.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА КУЛТУРА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА

## В О В Е Д

Со Програмата за култура и културни манифестации на Општина Илинден за 2026 година се дефинираат настаните од областа на културата што се од посебно значење за културниот развој на Општина Илинден и афирмација на историското и културно наследство, негување и збогатување на општо прифатените културни вредности.

Во рамките на надлежностите на Општината утврдени со Законот заЛокална самоуправа за негување на културните вредности,организирање на културни манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво се предлага Програмата за култура и културни манифестации на Општина Илинден за 2026 година.

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

- унапредување на културата и културното живеење;
- збогатување на интелектуалниот и културно-забавниот живот на граѓаните во насока на размена на искуства, знаења и запознавање на различни културни вредности;
- сочувување и афирмирање на културниот идентитет и спецификите на Општина Илинден;
- создавање на услови за квалитетно културно живеење, соодветно на статусот на Општина Илинден;
- промовирање и поддржување на нови идеи и проекти што ја афирмираат Општина Илинден како културно развиена Општина;
- презентирање и афирмирање на творците, интерпретаторите и институциите од областа на културата;
- интензивирање и збогатување на меѓународната културна соработка

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Илинден во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма.

1. **Манифестација ,,Водици”**

- *датум на одржување 19 јануари 2026 година*

Манифестацијата се одржува по 19-ти пат, по повод одбележувањето на големиот христијански православен празник Богојавление Водици, во соработка со Македонста Православна Црква, каде се организира положување на крстот во водите на езерото на хотелот Белви, во населба Илинден.

2. **Денови на културата во општина Илинден**

*-датум на одржување средина на месец Мај 2026 година*

Денови на културата е настан кој опфаќа повеќе културни настани и случувања кои ќе се одржат во Домот на култура „Илинден“. Настанот ќе овозможи ликовна изложба на уметници, промоција на творби на млади поети, настап на културно-уметнички друштва, Литературно матине за деца, настап на истакнати македонски писатели за деца и млади, Изложба на слики како и поетски митинг Литературна манифестација – „Илинден 2026“ со настап на повеќемина домашни поети. Дополнително, ќе се спроведе Литературен конкурс за деца.

3. **Манифестација - Одбележување на Денот на Општина Илинден „Илинден 2-ри Август”**

**–** *датум на одржување Јули 2026 година*

Манифестација по повод одбележувањето на патрониот празник на Општина Илинден и националниот празник на македонскиот народ „Илинден 2-ри Август”. Манифестацијата содржи настап на реномирани музички интерпретатори, како и други останати содржини од областа.

4. **Изложба на дела на уметниците од Општина Илинден**

Традиционални изложби што се организираат со цел да ги истакнат и промовираат уметниците од Општина Илинден и други истакнати уметници, како и нивните дела, без оглед на тоа дали професионално или аматерски се занимаваат со уметност

5. **Театарски и кино претстави**

6. **Поддршка на манифестации и настани кои се организираат во општина Илинден.**

Организирање на меѓународен фолклорен фестивал „Св. Троица“ со дефилирање на фолклорни ансамбли од Романија, Бугарија, Словенија и Србија, како и ансамблите КУД „Гоце Марковски“ и АНПИ „Илинден“.

**III.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа Програма се планира да се финансираат од сопствени и други извори на финасирање, за што се предвидени средства во висина од **8.700.000,00 денари**, кои се планира да се распределат на следниов начин:

- **Манифестација „Водици 2026“;**
- **Денови на културата во Општина Илинден;**
- **Манифестација - Одбележување на Денот на Општина Илинден „Илинден 2-ри Август”;**
- **Изложба на дела на уметниците од Општина Илинден;**
- **Театарски, кино претстави;**
- **Поддршка на манифестации и настани кои се организираат во општина Илинден;**
  - **Манифестација „Бадникови коледари“**
  - **Манифестација за Свети Трифун „Избор за најдобро младо вино“**
  - **Новогодишен базар;**
  - **Ликовни изложби, промоција на книги, организирање на концерти;**
  - **Одбележување годишнини на паднати борци;**
  - **Издавање на монографии за општина Илинден;**

**Вкупно ........................................................................ 3.000.000,00 ден**

Финансиските средства за културни манифестации се предвидени во буџетска програма К40

**Поддршка на локални установи ( тековни оперативни трошоци )** Финансиски средства наманети за: тековно одржување и реконструкција на Домовите на култура, оперативни трошоци (електрична енергија, телефон, интернет, вода, комунални услуги), Услуги за обезбедување на објкети и материјали за разни поправки;

**Вкупно ........................................................................ 1.700.000,00 ден**

- **Реконструкција, реновирање и санација на домовите за култура**

Со реконструкцијата и санацијата на културните домови, создаваме современи и пријатни простории за одржување културни настани, собирања и различни активности за сите возрасни категории. Овој проект ќе го збогати културниот живот во општината и ќе ги поттикне заедничките вредности и локалната традиција.

**Вкупно ........................................................................... 4.000.000,00 ден**

**ВКУПНО ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА И КУЛТУРНИ НАСТАНИ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА........................................8.700.000,00 денари**

**IV. РЕАЛИЗАЦИЈА**

За практичната реализација и следењето на активностите од програма за култура и културни настани се задолжува Одделението за ЛЕР, јавни и комунални дејности и заштита на животната средина и Одделението за финансиски прашања;

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.10-2772/17**
**Од 29.12.2025г**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/21 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/18 ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Од 29.12.2025година Градоначалник
м-р Александар Георгиевски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 20 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Илинден (Службен гласник на Општина Илинден бр.15/10 и 4/22), член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.12/09) и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ( Службен весник на РМ бр. 66/04, 139/08, 99/09,149/14; 150/15; 37/16 и 257/20), а е дадена како делегирана надлежност на општината, Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 22.12.2025 година, донесе:

## ПРОГРАМА

## За спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година

Согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести Советите на Општините, по претходно мислење на ЈЗУ Центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан, донесуваат Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје.
Со оваа Програма се утврдуваат општите мерки, активности, извршители, рокови и извори на финансиски средства потребни за нивна реализација во 2026 година.

### Мерки, цели и активности

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести како и утврдување на активности, рокови и извори на финансиски средства потребни за нивна реализација во 2026 година.
Програмата дефинира 5 општи мерки за заштита на населението на Општина Илинден од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштитата на населението од заразни болести.

### Приоритети

Со цел заштита на населението од заразни болести Општина Илинден е должна да ги организира и следи општите мерки за заштита од заразни болести кои се однесуваат на:

- Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
- Прифаќање и третман на отпадни води и друг вид на отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина;
- Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти-училишта;
- Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
- Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места, јавни објекти и јавни површини.

**1. ОПШТА МЕРКА**

**Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување**

Безбедна вода за пиење е вода која не содржи микроорганизми, паразити и нивни развојни форми во број кој претставува опасност по здравјето на луѓето како и вода која не содржи супстанции во концентрации кои сами или заедно со други супстанции претставуваат опасност по здравјето на луѓето.
За подобрување на услугите за снабдување со чиста вода за пиење, во 2008 година е формирано Јавното Комунално Претпријатие „Водовод" (во понатамошниот текст ЈКП ,,Водовод''). Надлежностите на ЈКП „Водовод" се:

- Зафаќање, препумпување, обработка и дистрибуција на здрава вода за пиење до корисниците;
- Приклучување на домаќинства на водоводната мрежа;
- Одржување на водоводната мрежа.

Водоводниот систем за снабдување со вода на Општина Илинден, Општина Петровец и Општина Гази Баба се снабдува со вода која се испумпува со пумпи од бунарите кои се наоѓаат во населеното место Јурумлери во Општина Гази Баба.
Во пумпната станица Јурумлери се наоѓаат четири бунари во кои се инсталирани четири потопни пумпи со електромотори, секоја пумпа со капацитет од приближно 40 l/s (еден бунар е резервен). Дистрибуцијата на вода се одвива преку главни цевководи се до резервоарот кој се наоѓа во населеното место Бунарџик (во кругот на ТИРЗ Скопје 1) и е со капацитет од 1.000 m³, поделен во две комори со по 500 m³.
Од резервоарот во Бунарџик водата се препумпува кон резервоарот во населено место Ајватовци кој е со капаците од 500 m³, како и до резервоарот во Бучинци кој е со капаците од 100 m³. Главниот цевковод кој го снабдува населеното место Бучинци поминува близу населеното место Мршевци кое во моментов има сопствен водоводен систем чие превземање е планирано за следната година.
На почетокот на 2020 година постигнат е договор помеѓу Општина Илинден, АД ОКТА и ЈКП "Водовод", н. Илинден со кој водоснабдителниот систем ОКТА е превземен од страна на Општината Илинден и истиот е предаден на стопанисување и управување на ЈКП "Водовод" н.Илинден.

Од овој водоснабдителен систем се снабдуваат со вода за пиење корисниците од населените места Миладиновци, Бујковци, Текија и Дељадровци.
Водоснабдителниот систем ОКТА со кој во моментов стопанисува ЈКП „Водовод" н.Илинден, има вкупна должина од 11,5km, вклучувајќи главен вод со димензија Ø400 димензиониран за проток од 120 l/s. Хидрауличниот систем за снабдување на населените места од Општина Илинден се снабдува со вода која се испумпува со пумпи од бунарите кои се наоѓаат во населеното место Јурумлери во Општина Гази Баба.
Во пумпната станица Јурумлери се наоѓаат 5 (пет) бунари на кои се инсталирани четири потопни пумпи со електро мотори еден бунар се користи како резервен. Водата се собира во собирен колектор (резервоар) со капацитет од 72 м³ каде со две потопни пумпи водата

преку главниот цевковод се дистрибуира до резервоарот лоциран во кругот на АД ОКТА во населено место Миладиновци со капацитет од 5.000 м³.
Исто така, неопходно е да наведеме дека во почетокот на 2020 година постигнат е договор помеѓу ТИРЗ, Општината Илинден и ЈКП „Водовод“ н.Илинден со кој системот за водоснабдување на правните субјекти од ТИРЗ Скопје 1 и Скопје 2 (лоцирани во Бунарџик) е предаден на управување и одржување на ЈКП „Водовод“ Илинден. Бунарите од системот ТИРЗ со пумпната станица се лоцирани во месноста викана Јасика, во атарот на Општина Илинден, во делот помеѓу автопатот “Скопје-Куманово" и асфалтниот пат “населба Илинден - населба Јурумлери". Изведени се три бунари и во истите се поставени бунарски потопни пумпи, секоја пумпа е со максимален капаците од околу 41 l/s. За обезбедување на исправна и безбедна вода за пиење во бунарското подрачје е изградена станица за дезинфекција на водата. Како дезинфекционо средство се користи гасен хлор. Станицата и опремата се во согласност со важечките законски прописи во нашата држава и е целосно автоматизирана.
Водоснабдителниот систем ТИРЗ со кој во моментов стопанисува ЈКП „Водовод“ Илинден има вкупна должина од 6,9 km, вклучувајќи главен вод со димензија Ø560 димензиониран за максимален проток од 169 l/s. Во рамките на ТИРЗ Скопје 1 лоцирана е разделна шахта од каде потисниот цевковод се дели лево и десно за снабдување на корисниците во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, а еден крак продолжува кон резервоарот. Резервоарот е поставен над н.м.Бунарџик, и е со капацитет од 2x1500$m^3$.

1.1.ЦЕЛ

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење.
Финансиски средства за спроведување на оваа цел ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈКП Водовод.

1.2. АКТИВНОСТИ

Водата за да биде безбедна за пиење потребно е да не содржи материи кои се штетни за здравјето на луѓето, поради што ЈКП ,,Водовод‘‘ Илинден, потребно е да врши соодветна дезинфекција и испитување според Правилникот за безбедост на вода и тоа:
Дезинфекција и чистење на бунарите, резервоарите и водоводна мрежа и други објекти и постројки на јавен водовод се врши најмалку еднаш годишно (а во
случај на елементарни непогоди почесто). Сите бунари на вода како и сите водоснабдителни објекти треба да бидат заштитени од случајно или намерно загадување како и од други влијанија кои можат да ја загрозат безбедноста на водата за пиење.
– Методологија за испитување на водата за пиење предвидува анализа на репрезентативен број мостри на водата за пиење од:
- вода од бунарите ( еднаш годишно);
- вода од водоводната мрежа (24 пати годишно од 5 мерни места);
- вода на местото на потрошувачката - земање на мострите на однапред утврдена локација, 24 пати годишно (2 пати месечно) - временски и просторно рамномерно

распоредени при што треба да се води грижа да бидат опфатени сите значајни објекти кои имаат поголем број корисници како што се училишта, амбуланти и сл.

- запознавање на жителите како и сите засегнати страни со резултатите од анализата и секојдневни анализиво лабараторија за интерна употреба.

Ако се утврди дека водата не е безбедна за пиење, ЈКП ,,Водовод“ треба:

– да го прекине или ограничи испорачувањето на водата;
– ставање натпис ,,водата не е за пиење“;
– да ги извести потрошувачите и да им даде соодветни препораки;
– да ја детектира причината за загадувањето;
– да спроведе итни мерки за отстранување на загадувањето;
– доколку прекинот во испорачувањето на вода е подолг од 24 часа ЈКП Водовод треба да обезбеди снабдување со вода на друг начин.
– До моментот на превземањето со стопанисување на водоводниот систем од страна на ЈКП “Водовод“, основачот на МЗ Водовод с.Мршевци на населено место Мршевци, ќе биде задолжена да врши испитување на водата и да превзема соодветни мерки доколку истата не е безбедна за пиење.

2. ОПШТА МЕРКА

**Прифаќање и третман на отпадни води и друг вид на отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина.**

Отстранувањето на отпадните води е од големо значење за обезбедување на здрава животна средина која нема да има опасност од појава на заразни болести.

2.1. ЦЕЛИ

– Заштита на населението и на животната средина со отстранување (прочистување) на отпадните води согласно законските прописи;
- Собирање на комуналниот отпад од домаќинствата за обезбедување на здрава и чиста животна средина;
– Селекција на отпадот;
– Заштитата на вработените во Јавното Комунално Претпријатие кои во својата работа се изложени на опасност заради контакт со отпад, со што би се спречила појава и ширење на заразни болести;

2.2. АКТИВНОСТИ

Изградбата на фекална канализација за зафаќање и третман на отпадни води е еден од главните приоритети на општина Илинден за подобрување на животот и здравјето на луѓето.

Во првата фаза од изградбата пуштена е во употреба фекалната канализација за зафаќање и третман на отпадните води со пречистителна станица ПП2 во н.м.Марино на која се приклучени 533 корисници од кои: 501 физички лица и 32 правни субјекти со должина на канализациона мрежа од 7558 метри и пречистителна станица со капацитет од 1250 еквивалент жители.

Во н.м.Кадино пуштена е во употреба фекална канализација за зафаќање и третман на отпадните води со пречистителна станица ПП4 на која се приклучени 139 корисници од кои: 113 физички лица и 26 правни субјекти со должина од 3302 метри со капацитет од 1250 еквивалент жители, на ПП3 во населено место Кадино приклучени се 131 корисници од кои: 125 физички лица и 1 правен субјект со вкупна должина од 4451 метри со капацитет од 1250 еквивалент жители.

Во н.м.Илинден изграден е сегмент за фекална канализација со пречистителна станица за зафаќање и третман на отпадните води ПП7 на која се приклучени 364 корисници од кои: 336 физички лица и 28 правни субјекти во должина од 5003 метри со капацитет од 1250 еквивалент жители.

Во н.м.Илинден изграден е уште еден сегмент за фекална канализација приклучен на пречистителна станица ПП8 во должина од 4419 метри на која се приклучени 411 корисници од кои 400 физички лица и 11 правни субјекти.

Во н.м.Марино изграден е уште еден сегмент за фекална канализација за зафаќање и третман на отпадните води со пречистителна станица ПП1 на која се приклучени 242 корисници и тоа: 221 физичко лице и 21 правни субјекти во должина од 4585 метри со капацитет од 1250 еквивалент жители.

Во н.м.Миладиновци изградена е пречистителна станица со капацитет од 1250 еквивалент жители и во тек е приклучување на корисниците на фекалната канализација за зафаќање и третман на отпадните води во канализационен систем со должина од 2500 метри.

Во финална фаза е изградба на колекторски ситем во должина од 5000 метри во кој ќе се прифатат отпадните води од физичките и правните субјекти од населените места Илинден и Марино.

Согласно договорот со ТИРЗ од 20.05.2022 година канализациониот систем е даден на времено стопанисување и управување на ЈКП Водовод н. Илинден. На истиот во моментот се приклучени 24 правни субјекти.

Останатиот дел од физички лица, правни субјекти и дуќани на територија на Општина Илинден не се приклучени на фекална канализација поврзана со пречистителни станици, туку еден дел се опфатени со фекална канализација
поврзана со отворени реципиенти, додека останатите користат септички јами за собирање на фекални и индустриски отпадни води.

Општина Илинден има над 120 km отворени одводни канали за прифаќање и одведување на површинските (атмосферските) и подземните води. Овие одводни канали се дел од системот ХМС ,,Скопско Поле‘ - Скопје и за нивно одржување во функционална состојба се врши редовно машинско и рачно чистење од страна на АД Водостопанство,,Скопско Поле“- Скопје, од страна на ЈКП Илинден и од страна на општина Илинден во координација со граѓаните.

Собирањето на комунален цврст отпад и друг вид неопасен отпад е уште една првенствено превентивна дејност за спречување на појава и ширење на заразни и болести.

Собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад од домаќинствата врши ЈКП Илинден во населените места: Илинден, Марино, Кадино, Мралино, Бунарџик, Ајватовци, Миладиновци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци.

За собирање и транспортирање на комуналниот отпад општина Илинден има изготвено Предлог Програма за собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од

територијата на Општина Илинден за 2025 година во која е дефиниран начинот и динамиката на собирањето и транспортирање на комунален цврст отпад од домаќинствата на подрачјето на Општина Илинден. Со оваа програма се опфатени сите површини и населени места на подрачјето на Општина Илинден.

Собраниот комунален отпад од домаќинствата и од стопанските субјекти со специјални возила прилагодени за таа намена се транспортира и депонира на санитарната депонија Дрисла. Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со Програмата за управување со комунален и друг вид на неопасен отпад е ЈКП Илинден.

Исто така од страна на општина Илинден во 2019 година е започнато со примарната селекција на отпадот која се врши на тој начин што се доделени 250 пластични канти од 120 литри и 3000 најлонски вреќи во жолта и сина боја кои се поделени по домаќинства и помали правни сујекти – дуќани. Во делот на упраување со отпадот во 2018 година од страна на Пакомак поставени се десет пунктови заселекција на отпадот (стакло, пластика, најлон, хартија и картон, композитен материјал, лименки) во населените места на подрачјето на општина Илинден на 10

фреквентни места по 3 пластични контејнери од 1,1 м$^3$ во кои се врши селекција на отпадот, кои се соодветно означени со огласни табли како еколошки зелени острови како една од мерките за заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето.

Општина Илинден има изготвено и Програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Илинден за 2026 година и Програма за одржување и заштита на општинските улици и патишта за 2026 година со која се дефинирани: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, како и динамиката и начинот за нивно извршување. Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени

со Програмата за одржување на јавна чистота и Програмата за одржување и заштита на општинските улици и патишта и зимското одржување е ЈКП Илинден, н. Илинден.

-Вработените во Јавното Комунално Претпријатие ,,Илинден'' кои во својата работа се изложени на опасност заради контакт со отпад вршат редовни систематски прегледи и задолжителна вакцинација од заразни болести.

– Финансиски средства за собирање на комунален отпад од домаќинствата се обезбедуваат од наплата на комунален отпад и други извори на финансиски средства.

3. ОПШТА МЕРКА

**Санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти – училишта**

Училиштата и предшколските установи се потенцијални жаришта на заразни болести па поради тоа потребно е водење грижа во повеќе сегменти.

На територија на Општина Илинден постојат 3 основни училишта: ООУ,,Гоце Делчев" во н.м.Илинден, ООУ,,Ристо Крле" во н.м.Кадино со подрачни училишта во н.м.Мралино и н.м.Бунарџик, ООУ,,Браќа Миладиновци" во н.м.Миладиновци со подрачни училишта во н.м.Мршевци и н.м.Текија, средно училиште СОСУ ,,Илинден" н.м.Марино и ПООУ ,,Гоце Делчев'' н.м.Илинден. Исто така постојат и две градинки за згрижување на деца од предшколска возраст и тоа: ЈОУДГ,, Гоце Делчев'' н.м.Марино и подрачна ЈОУДГ,,Гоце Делчев'' од н.м.Миладиновци.

3.1 ЦЕЛ

- Следење на здравствената состојба на вработените во училиштата и градинките со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најранливата група – децата.

Финансиски средства за извршување на оваа цел ќе обезбедат училиштата и градинките од сопствените буџети;

- Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните установи и градинките со цел создавање на безбедна средина.

Финансиски средства за оваа цел ќе обезбедат училиштата и градинките од сопствените буџети;

3.2 АКТИВНОСТИ

– Вршење на здравствени прегледи на вработените во гореспоменатите установи согласно законските прописи;

– Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните установи и предшколските установи со цел создавање на безбедна и здрава средина;

– Во училиштата и градинките на територија на Општина Илинден превентивната дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна на секои 6 месеци, а ја врши овластена установа за дезинфекција, дезинсекција и
дератизација. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштата се врши пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие од учебната година.

**ТАБЕЛА - ТЕРМИНИ НА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА**
**– И ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ**

| Реден број | Училиште | Место | Распоред на дезинфекција, дезинсекција и дератизација | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ,,Гоце Делчев“ | н.м. Илинден | 01.2026 | 09.2026 |
| 2 | СОСУ,,Илинден“ | н.м. Марино | 01.2026 | 09.2026 |
| 3 | ООУ,,Ристо Крле“ | н.м.Кадино | 01.2026 | 09.2026 |
| 4 | ПООУ,,Ристо Крле“ | н.м.Мралино | 01.2026 | 09.2026 |
| 5 | ПООУ,,Ристо Крле“ | н.м.Бунарџик | 01.2026 | 09.2026 |
| 6 | ООУ,,Браќа Миладиновци“ | н.м Миладиновци | 01.2026 | 09.2026 |
| 7 | ПООУ,,Браќа Миладиновци“ | н.м.Мршевци | 01.2026 | 09.2026 |
| 8 | ПООУ,,Браќа Миладиновци“ | н.м.Текија | 01.2026 | 09.2026 |
| 9 | ЈОУДГ,,Гоце Делчев“ | н.м.Марино | 01.2026 | 09.2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | ЈОУДГ,,Гоце Делчев | н.м Миладиновци | 01.2026 | 09.2026 |
| 11 | ПООУ,,Гоце Делчев“ | н.м. Илинден | 01.2026 | 09.2026 |

**ТАБЕЛА – ЛИЦА ВО УЧИЛИШТАТА ЗАДОЛЖЕНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА**

| Реден број | Училиште | Место | Одговорно лице | Работно место |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ,,Гоце Делчев“ | н.м. Илинден | Елена Танева | наставник по хемија |
| 2 | СОСУ,,Илинден“ | н.м. Марино | Фросина Каранфиловска | психолог |
| 3 | ООУ,,Ристо Крле“ | н.м.Кадино | Младена Филиповска | хигиеничар |
| 4 | ПООУ,,Ристо Крле“ | н.м.Мралино | Родна Петрушевска | хигиеничар |
| 5 | ПООУ,,Ристо Крле“ | н.м.Бунарџик | Христина Таневска | хигиеничар |
| 6 | ООУ,,Браќа Миладиновци“ | н.м.Миладиновци | Христина Јосимовска | хигиеничар |
| 7 | ПООУ,,Браќа Миладиновци“ | н.м.Мршевци | Соња Алексовска | хигиеничар |
| 8 | ПООУ,,Браќа Миладиновци“ | н.м.Текија | Наташа Јовановска | хигиеничар |
| 9 | ЈОУДГ,,Гоце Делчев“ | н.м.Марино | Силвана Атанасовска Трајковски | логопед |
| 10 | ЈОУДГ,,Гоце Делчев | н.м Миладиновци | Марија Костовска | воспитувач |
| 11 | ПООУ,,Гоце Делчев” | н.м.Илинден | Елена Саздовска | одделенски наставник |

ЦЕЛ 3.3

Создавање здрави поколенија преку постојано следење на здравствената состојба на учениците и нивна имунизација;

АКТИВНОСТИ 3.4

За систематските прегледи и вакцинациите на учениците надлежен е Здарвствен дом – Илинден, а се вршат според однапред изготвен распоред на Здравствениот дом по што училиштата благовремено се известуваат за распоредот и термините;
За следење на здравјето на забите на учениците надлежен е Здравствен дом - Автокоманда;
По добивање на известувањето од надлежната здравствена установа основните училишта се обврзани да ги превземат потребните активности. За таа цел училиштата имаат

назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа пристапува кон активности за спроведување на прегледите;

Систематските прегледи се извршуваат во I, III, V и VII одделение, а точните термини за систематски прегледи и вакцинација се определуваат дополнително.

**ТАБЕЛА – РАСПОРЕД ЗА ВАКЦИНАЦИЈА ПО ОДДЕЛЕНИЈА**

| Реден број | Одделение | Вакцина |
|---|---|---|
| 1 | I | Р1МРП |
| 2 | II | Дите Дифтерија, тетанус |
| 3 | II | Полио Детска парализа |
| 4 | VIII | Мали сипаници, заушки, црвенка |

**ТАБЕЛА – ЛИЦА ОД УЧИЛИШТАТА ЗАДОЛЖЕНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ВАКЦИНАЦИИ**

| Ред. број | Училиште | Место | Одговорно лице | Работно место |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ,,Гоце Делчев“ | н.м. Илинден | Емилија Трипуновска | психолог |
| 2 | СОСУ,,Илинден“ | н.м. Марино | Фросина Каранфиловска | психолог |
| 3 | ООУ,,Ристо Крле“ | н.м.Кадино | Сузана Крстевска | одделенски наставник |
| 4 | ПООУ,,Ристо Крле“ | н.м.Мралино | Катерина Величковска | одделенски наставник |
| 5 | ПООУ,,Ристо Крле“ | н.м.Бунарџик | Кате Илиевска | одделенски наставник |
| 6 | ООУ,,Браќа Миладиновци“ | н.м.Миладиновци | Лидија Николовска | одделенски наставник |
| 7 | ПООУ,,Браќа Миладиновци“ | н.м.Мршевци | Јованка Гроздановска | одделенски наставник |
| 8 | ПООУ,,Браќа Миладиновци“ | н.м.Текија | Јелена Савова | одделенски наставник |
| 9 | ЈОУДГ,,Гоце Делчев“ | н.м.Марино | Маја Апостоловска | негувател |
| 10 | ЈОУДГ,,Гоце Делчев | н.м.Миладиновци | Марија Панковски | негувател |
| 12 | ПООУ,,Гоце Делчев” | н.м.Илинден | Емилија Трипуновска | психолог |

Децата од предшколска возраст се вакцинираат индивидуално.

3.5 ЦЕЛ

Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.

3.6 АКТИВНОСТИ

- постојано одржување на хигиена во работните простории;
- постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли;
- течен сапун во тоалетите;
- замена (каде што има потреба) на чучавци со WC школки и писуари;
- зголемување на бројот на хигиеничари;

Финансиски средства за извршување на оваа цел ќе обезбедат училиштата од сопствените буџети.

4.ОПШТА МЕРКА

Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

4.1 ЦЕЛ

Промоција на здравјето и превенција од заразни болести преку здравствена едукација на децата во основните училишта на територијата на општината.

4.2 АКТИВНОСТИ

1. Здравствена едукација;
2. Воспоставување на позитивни навики и обичаи во врска со чување и унапредување на здравјето при што учество ќе земат: Единиците на локалната самоуправа, Јавните здравствени установи, Центар за јавно здравје, Централни комитети, Основни и средни училишта и Невладини организации;
3. Промоција на здравјето и превенција од заразни болести при што учество ќе земат Единиците на локална самоуправа, Јавни здравствени установи, Центар за јавно здравје, Централни комитети, Основни и средни училишта, Невладини организации;
4. Во 2026 година советодавни и едукативни предавања во училиштата ќе се вршат и на други теми согласно потребите и согласно можностите на ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје.

5. ОПШТА МЕРКА

Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места и јавни површини.

Јавните површини и населените места се исто така места на кои постои опасност од појава и ширење на заразни болести како од комунален отпад така и при наезда на инсекти и други штетници кои се преносители на заразни заболувања (комарци, скакулци, глувци, стаорци).

Чистење на јавните површини од комунален отпад во 2026 година ќе врши ЈКП Илинден согласно Програма за јавна чистота на подрачјето на општина Илинден за 2026 година и Програма за одржување и заштита на општинските улици и патишта на подрачјето на општина Илинден за 2026 година.
Во случај на наезда од штетници и инсекти општината во соработка со надлежниот Завод за здравствена заштита - Скопје и по негова претходна препорака, ќе води грижа за безбедноста на граѓаните и од овој вид на загрозување со вршење на дезинсекција и дератизација.

5.1 ЦЕЛ

Уништување на штетници кои предизвикуваат или се преносители на зарази.

5.2 АКТИВНОСТИ

- Дезинфекција на општинската зграда и Домовите на култура во сите населени места на површина од 3300м$^2$ – два пати годишно (пролетна и есенска).
- Превентивна дезинсекција на населени места согласно Акциониот план за ставање под контрола на заболувања кои се пренесуваат преку вектори во посебен акцент на комарци и крлежи како вектори, со примена на краткорочни и долгорочни мерки во Република Северна Македонија.
  - 4 терестични третирања за уништување на возрасни форми на комарци (адултицидна дезинсекција) на површина од 300ха;
- 2 терестични третирања за уништување на ларви од комарци (ларвицидна дезинсекција) на површина од 50ха;
- Дератизација на 1073 шахти за фекална канализација во н.м.Марино, н.м.Илинден, н.м.Кадино и н.м Миладиновци два пати во текот на 2026 година (пролетна и есенска дератизација).

## 6.Финансирање на програмата

За успешно спроведување и реализација на предметнава програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности која е утврдена согласно закон а е дадена како делегирана надлежност на општината согласно член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести, а со цел Општина Илинден да ги спроведе горенаведените активности согласно законските прописи од Буџетот на општина Илинден и од Министерство за здраство согласно Акциониот план за краткорочни мерки преку Центрите за јавно здравје се предвидува да се обезбедат **финансиски средства во износ од 500.000,00 денари.**

## 7. Надзор над извршување на Програмата

Надзор над извршување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година врши надлежниот општински орган Одделението за инспекциски надзор - Инспекторат.

## 8. Завршна одредба

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ‘’Службен гласник на Општина Илинден’’.

**Архивски број: 08-2688/21**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/22 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/19
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 20 став 1 точка 14 од Статут на Општина Илинден (Службен гласник на Општина Илинден бр.15/10 и 4/22),член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.12/09) и член 12 од Закон за јавна чистота (Службен весник на РМ бр.111/08; 64/09; 88/10; 114/10; 23/11; 53/11; 80/12 163/13;44/15,147/15,31/16,122/21 и 255/24) и член 25 од Закон за урбано зеленило(Службен весник на РМ бр.11/18 ,42/20 и 224/24) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на 22.12.2025 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за одржување јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година ги дефинира: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства за вршење на работите, временските рокови за извршување на работите, како и динамиката и начинот на вршење на работите.

### 1.Цел на Програмата

Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден е креирана за одржување на оптимална јавна чистота на највисоко ниво преку зајакната контрола на сите создавачи на отпад со цел да се намалат трошоците за одржување на јавна чистота преку:

- одговорност на субјектите од создавање преку постапување до одлагање на отпадот;
- едукација од страна на извршителот на програмата;
- подигање на јавна свест;
- чести контроли на терен од страна на надлежниот општински орган Одделението за инспекциски надзор;
- систем за стимулација - опомени и казни
- засадување на поголем број на садници
- проширување на јавни зелени површини

### 2. Вид, обем, динамика, начин и рокови за извршување на работите

#### 2.1 Вид и обем на работите

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од :

Машинско и рачно метење на улиците, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота и празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени на подрачјето на Општина Илинден миење на улици машинско и рачно чистење на отворени одводни канали чистење и одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови

Во планирањето и димензионирањето на работата, за одржувањето на чистотата на јавните површини како клучни фактори се земени :

- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните површини (категоризацијата);
- Димензиите, типот и формата на јавните површини (големина);
- Начинот на одржување на јавната чистота;

- Потекло и вид на сметот на јавните површини.

Под поимот ,,смет“ се подразбира збир на отпадоци кои се создаваат при одржувањето на јавната чистота.

Под поимот ,,собирање на смет“ се подразбира отстранување на создадениот смет и сместување во садови за смет.

Според начинот на живеење и работењето на луѓето, одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори:

- густината на населеност;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
- степенот на нечистотија;
- степен на пречки (паркирани возила и др.);
- инфраструктурните сообраќајни услови;
- културните навики на населението;
- стандардот;
- самодисциплината на граѓаните;
- придржувањето на позитивните прописи.

Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на јавните површини, начинот и динамиката на одржување на истите.

**Секојдневен смет**

а) Отпадоци од возила кои настануваат при :

- превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал);
- товарање и растоварање на разни стоки;
- собирање на домашен смет и смет од правни субјекти;
- косење на тревни површини.

б) При интензивно врнење на дождови

- наноси од земја, песок, лисја и др.

в) отпад при чистење на отворени одводни канали

- трска, наноси од земја, капини и др.

**Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има во два вида:

- лисја од дрвјата, суви гранки и сл.
- песок и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на лизгавоста, кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани;
- снег и мраз;

**2.2 Динамика, начин и рокови за извршување на работите**

За изработка на организациониот план за чистење на јавните површини еден од важните фактори е категоризацијата на јавните површини. Категоризацијата на јавните површини зависи од : населеноста, распоредот на работните и станбените објекти и интензитетот на сообраќајот.

**I Категорија** -улиците, тротоарите, плочниците со густа фреквенција на движење. Метачите ќе вршат рачно метење во поширокото централно подрачје и празнење на уличните корпи за отпад во ова подрачје:

**- чистење шест пати неделно;**

**- метење еднаш во две недели;**

**- миење на улици еднаш месечно(во летен период)и по укажана потреба**

Летниот период за чистење е од 01 април до 31 октомври и во овој период се врши рачно и машинско миење и метење на јавните сообраќајни површини и тоа по правило во раните утрински часови и по потреба.

Зимскиот период за чистење е од 01 ноември до 31 март и во овој период најчесто се врши само метење на јавните сообраќајни површини и чистење на рабници.

**Приоритет при чистење на јавните површини од I Категорија се: ул.2, ул.8, ул.9 во н. Илинден, ул.500, ул.531, ул.532 и ул.534 во н.м Марино и ул.10, ул.1,ул.2 и ул.3 во н.м Кадино како и сите влезови и излези на општината.**

Табеларен приказ на улици од I категорија поткатегорија 1

| *Ред. бр.* | **релација, патен правец, улица** | **должина (во км.)** | **ширина (во метри)** | **површина (во $м^2$ )** |
|---|---|---|---|---|
| *1* | Хиподром-ул.34 н.Илинден | 4,0 | 6 | 24.000 |
| *2* | Влез од автопат М-4(Белви)-ул.2-ул.9 н.м Илинден | 2,7 | 6 | 16.200 |
| *3* | Влез од автопат М-4 (ж.станица Илинден)-ул.8 н.Илинден | 2,6 | 6 | 15.600 |
| *4* | Влез од автопат М-3 (Кадино)-ул.10, ул.1 и ул.3 н.м Кадино | 1,5 | 6 | 9.000 |
| *5* | ул.531 - ул. 532 н.м Марино-ул.10 н.м Кадино-ул.1 н.м Мралино | 4,0 | 6 | 24.000 |
| *6.* | ул.500 н.м Марино | 2,1 | 6 | 12.600 |
| | **Вкупно:** | | | **101.400** |

**IКатегорија поткатегорија 2** - населени улици и подрачја со послаба фреквенција на луѓе и моторни возила каде работите(**чистење и собирање на отпадоците ќе се изведуваат два пати во неделата.**

| **Ред. бр.** | **релација, патен правец, улица** | **должина (km)** | **ширина (m)** | **површина ($m^2$)** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | ул.1 н.м.Илинден | 3,3 | 6 | 19.800 |
| **2** | ул.11, ул.13, ул.15,ул.19,ул.21 и ул.27 н.м.Илинден | 2,6 | 4 | 10.400 |
| **3** | ООУ,,Гоце Делчев’’ – нов мост н.м Марино | 0,1 | 6 | 600 |
| **4** | ул.7 н.Илинден | 0,25 | 6 | 1.500 |
| **5** | ул.401, ул.403, ул.405 и ул.406 н.м Марино | 2,4 | 4 | 9.600 |
| **6** | Ул.533 (стамбени згради)во н.м Марино | 0,5 | 5 | 2.500 |
| **7** | Ул.6,ул.7,ул.8 ,ул.9 и ул.11 н.м Кадино | 1,7 | 4 | 6.800 |
| **8** | ул.501,ул.502,ул.503,ул.504,ул.505, ул.506, ул.510 и ул. 518 н.м Марино | 2,2 | 4 | 8.800 |
| **9** | улици во економска зона Марино-Кадино | 1,2 | 6 | 7.200 |
| | **Вкупно:** | | | 67.200 |

**II Категорија** населени улици и подрачја со послаба фреквенција на луѓе и моторни возила каде работите(чистење и собирање на отпадоците ќе се **изведуваат еднаш во неделата**

| Ред. бр. | релација, патен правец, улица | должина (km) | ширина (m) | површина ($m^2$) |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Влез од автопат М-3(Окта)-н.м Миладиновци | 1,8 | 6 | 10.800 |
| *2.* | Раскрсница Кадино-влез на н.м Миладиновци – н.м Кадино | 4,5 | 6 | 27.000 |
| *3.* | - н.м Бунарџик-н.м Ајватовци | 4,4 | 5 | 22.000 |
| *4.* | н.мМиладиновци-н.мТекија-н.м Дељадровци | 5,0 | 5 | 25.000 |
| 5. | сите останати улици во урбаниот дел на општината | 10,2 | 3 | 30.600 |
| | **Вкупно:** | | | 115.400 |

**2.2.1** Собирање на отпадоците од и покрај главните патни правци кои ги поврзуваат населените места во општината и празнење на садовите за отпадоци поставени на јавните површини (корпите за отпадоци и отпушоци).
**Работите ќе се извршуваат еднаш во две недели.**

| Ред. бр. | **релација, патен правец, улица** | **должина (во км.)** | **ширина (во м.)** | **површина (во $м^2$ )** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Илинден – Хиподром | 3 | 4 | 12.000 |
| **2** | Илинден – Пуста Кула | 2,0 | 4 | 8.000 |
| **3** | Илинден - Јурумлери | 2,0 | 5 | 10.000 |
| **4** | ул.10(Кадино) –излез кон автопат М-3(н.м Кадино) | 2,7 | 5 | 13.500 |
| **5** | ул.2 (н.м.Кадино- н.м.Мралино) | 1,0 | 4 | 4.000 |
| **6** | Раскрсница Кадино– Бунарџик | 2,5 | 5 | 12.500 |
| **7** | Бунарџик–Ајватовци | 1,9 | 4 | 7.600 |
| **8** | Раскрсница Кадино–Миладиновци | 6,2 | 6 | 37.200 |
| **9** | Миладиновци-Текија | 2,7 | 5 | 13.500 |
| **10** | Текија-Дељадровци | 1,4 | 5 | 7.000 |
| **11** | Миладиновци-Бујковци | 2,0 | 5 | 10.000 |
| **12** | Бујковци–Мршевци | 1,5 | 5 | 7.500 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **13** | Мршевци-Бучинци | 1,0 | 4 | 4.000 |
| **14** | Мршевци-Дељадровци | 2,0 | 5 | 10.000 |
| **15** | Илинден- Ајватовци | 3.2 | 5 | 16.000 |
| **16** | ул.36 н.м Илинден кон Стопански комплекс Илинден | 0,2 | 5 | 1.000 |
| **17** | Ајватовци – Мршевци | 3,9 | 5 | 19.500 |
| **18** | Трим патека Ајватовци-Бучинци | 5,0 | 2 | 10.000 |
| | **Вкупно:** | | | **203.300** |

Покрај улиците и патиштата на територијата на Општина Илинден, со оваа програма се опфатени и други јавни површини како што се :

- Јавни површини околу спортско-рекреативни објекти ------ 10.400 м$^2$
- Јавни површини околу детски игралишта ----------------------- 1.400 м$^2$
- Пешачки патеки и тротоари -------------------------------------- 29.600 м$^2$
- Паркинзи за лесни и тешки товарни возила ------------------- 3.600 м$^2$

Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини,деградираниот простор, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување поради што се планираат следниве проекти:

- Акционен план за подигнување на зелени површини и пошумување на одредени површини преку планско и одржливо подигање и одржување на зеленилото со акцент на засадување на дрвенести видови, заради зачувување на квалитетот и разновидноста на зеленилото, подобрување на квалитетот на воздухот, подобрување на квалитетот на живот и унапредување на животната средина.

Јавните зелени површини и парковите се значајни еколошки фактори кои го обезбедуваат квалитетот на живеењето на граѓаните во една урбана средина и стануваат се понеопходни како на експанзијата и забрзаниот развој на општината.

Грижата и одржувањето на веќе оформените паркови, тревници, пешачки патеки и други озеленети површини подразбира:

- полевање, косење, кроење, окопување и чистење на површините;
- замена и отстранување на оштетените и исушени садници со други;
- одржување на постоечките зелени, озеленети и уредени јавни површини;
- засадување на украсни садници;
- засадување на трева, цвеќе и сл;
- одржување на урбаната опрема во парковските површини;
- проширување на зелените површини со утврдување, планирање и зафаќање на нови локации;
- изработка на подземни бунари за техничка вода за полевање на озеленети површини;
- учество во еколошката акција **„Зелена општина“.**
- редовна контрола и надзор;

| Преглед на уредени јавни зелени површини за одржување на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година | | |
|---|---|---|
| *I.Паркови и јавни зелени површини на територијата на Општина Илинден* | | *површина $м^2$* |
| 1. | одржување на паркот пред дом на култура Илинден | 4.500$м^2$ |
| 2. | парк на раскрсница во н.Илинден(кружен тек) | 500 $м^2$ |
| 3. | парк кај седиштето на Општината | 2.000 $м^2$ |
| 4. | зелени површини на ул.11 и ул.19 (локална зона-Ограѓе) | 14.500 $м^2$ |
| 5. | зелена површинана ул.5 н.Илинден, кај повеќенаменскoто игралиште и новото подрачно ООУ Гоце Делчев н.м Илинден | 10.000 $м^2$ |
| 6. | тревник кај спортската сала ,,Гоце Делчев"и теренски терени | 7.000 $м^2$ |
| 7. | тревник на просторот помеѓу ул.531 и ул.534 во н.м Марино-плоштад | 3.600 $м^2$ |
| 8. | тревник позади спортски терени во н.м Марино | 3.000 $м^2$ |
| 9. | зелена површина на просторот помеѓу каналот и СОСУ Илинден | 12.000 $м^2$ |
| 10. | зелена површина канал пешачка патека Марино-Кадино | 6.000 $м^2$ |
| 11. | зелена површина во локална економска зона Марино-Кадино | 12.000 $м^2$ |
| 12. | тревник кај домот на култура во Марино | 5.000 $м^2$ |
| 13. | тревник пред Домови на култура во сите 10 населени места | 2.400$м^2$ |
| 14. | зелени површини–заштитен појас на локалитет 13, 14, 15, 18 и 19 во локална економска зона Марино-Кадино | 32.500$м^2$ |
| 15. | зелена површина од ул.531 н.м Марино до прочестителна станица | 8.500$м^2$ |
| 16. | зелена површина пред игралиште и тревник блок 3 во н.м Кадино | 1.700 $м^2$ |
| 17. | спортско-рекреативна патека Ајватовци и детско игралиште | 3.500 $м^2$ |
| 18. | парк во н.м Миладиновци | 1.000 $м^2$ |
| 19. | зелена површина на ул.1 во н.м.Миладиновци | 1.800 $м^2$ |
| 20. | зелена површина кај амулантата во н.м. Миладиновци | 1.000 $м^2$ |
| 21. | простор околу мониторинг станици и парк на ул.2 во н.Илинден | 300 $м^2$ |
| 22. | зелена површина на ул.19 во н.Илинден ( позади бараките ) | 2.400 $м^2$ |
| 23. | зелена површина локална покрај ул.19 н.Илинден | 2.600 $м^2$ |
| 24. | зелена површина покрај ул.500 на излез од н.м Марино | 2.400 $м^2$ |
| 25. | зелени површини во локалитет Јака | 16.000$м^2$ |
| 26. | тревник кај кружен тек Кадино | 150 $м^2$ |
| 27. | зелена површина до помошното фудбалско игралиште „Ѓемиџии“ во н.м.Кадино во локалитет 16 и 17 | 1.000 $м^2$ |
| 28. | Зелена површина на ул.6 во н.Илинден (детско игралиште) | 400 $м^2$ |
| 29. | Зелена површина помеѓу ул.9 и ул.27 во н.м Илинден | 2.000 $м^2$ |
| 30. | зелена површина на ул.30 во м.в Плац | 2.200 $м^2$ |
| 31. | зелена површина на ул.24 во н.м Илинден | 2.400 $м^2$ |
| 32. | Зелена површина на ул.1 во н.м Бујковци | 600 $м^2$ |
| 33. | Зелена површина во н.м Текија помеѓу домот на култура и Сува река | 1.600 $м^2$ |
| 34. | Зелена површина во н.м Мршевци позади домот на култура | 1.200 $м^2$ |
| 35. | Зелена површина пред ООУ Гоце Делчев во н.м Илинден | 200 $м^2$ |
| 36. | Зелена површина покрај пат за ООУ Гоце Делчев кој ги поврзува ул.500 во н.м Марино и ул.535 во н.м Илинден позади заштитен појас на канал | 3.000 $м^2$ |
| 37. | Нови паркови во локалитет Јака | 1000 $м^2$ |
| 38. | Парк во Дељадровци пред домот на култура | 400 $м^2$ |
| 39. | Зелена површина околу детско игралиште во Мршевци | 400 $м^2$ |
| 40. | Зелена површина -парк во Дељадровци | 400 $м^2$ |
| 41. | Зелена површина околу детско игралиште во Бучинци | 100 $м^2$ |
| 42. | Зелена површина околу детско игралиште во Мралино | 150 $м^2$ |

| | | |
|---|---|---|
| 43. | Зелена површина околу езерото во Бучинци | 450 м$^2$ |
| 44. | Зелена површина која е предвидена за нов парк во Дељадровци | 1000м$^2$ |
| 45. | Зелена површина помеѓу правните субјекти Агрома и Маја компани и Палкомак и Кеслер | 1100 |
| **Вкупна површина на паркови и озеленети површини** | | **175.950м$^2$** |

### Озеленети површини покрај патишта во Општина Илинден

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Должина на локалните патишта | 30.000 метри |
| 2. | Ширина за косење на локалните патишта<br>( од двете страни на патот по 1 метар ) | 2 метри |
| **Вкупната површина покрај локалните патишта** | | **60.000 м$^2$** |

**Во Програмата за одржување и уредување на јавни урбани зелени површинина подрачјето на Општина Илинден за 2026 година ќе биде опфатен урбаниот дел на општината во сите 12 (дванаесет) населени места.**

### 2.3 Дополнителни активности

Во текот на 2026 година Одделението за инспекциски надзор како надлежен надзорен орган над Програмата во функција на јавната чистота може да издаде налог за превземање на други дополнителни и вонредни активности во зависност од укажани потребни околности на ЈКП Илинден н.м Илинден и за:
-редовно подигање на биолошки отпад од јавни површини кој настанува при чистење на градинарски култури од домаќинства како и од кастрење и сечење на дрвја со **поставување на контејнери од 5,5 м$^3$ на јавни површини во месеците септември,октомври и ноември ;**
-редовно чистење на просторот околу автобуските станици и миење на стакла на автобуски постојки еднаш неделно;
-трајно и непрекинато да обезбеди прифаќање и одведување на атмосферските води од урбаните површини и редовно чистење на цевасти пропусти на јавните сообраќајни површини;
-доставување на писмен налог за работа по укажана потреба за чистење на канали-ендеци и сисавци на канали за да не дојде до поплавување на имотите на граѓаните и собирање на вода на критични местапо локалните улици и патишта
- редовно чистење и одржување на урбаната опрема
- редовно чистење и одржување на пешачките патеки
- редовно подигање на умрени и згазени животни од јавни површини;
- редовно чистење на атмосферски шахти и сливници

### 3. Динамика на одржување на општинските улици и патишта во зимски услови

Согласно Членот 22 од Законот за јавна чистота давателот на услугата е должен да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна во рок 6 (шест) часа од почетокот на снежните врнежи со што улиците ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови.

Оспособувањето на улиците ќе се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојбата на присуство на головразици или снежни врнежи до 20 см (прва состојба на готовност);
- состојба на голомразица и снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

Во првата состојба на готовност давателот на услугата со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства првенствено ќе изврши оспособување на коловозните површини за сообраќај на улиците од првата категорија, со што ќе се даде приоритет на отварање на пешачките премини, отварање на пешачки патеки по тротоарите и плочниците и целосното чистење на мостовите, надвозниците и критичните угорнини.

Во втората состојба на готовност давателот на услугата потребно е да обезбеди ефикасно и навремено оспособување на улиците од првата категорија, а потоа се продолжува со другите две категории запазувајќи го временскиот рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е во надлежност на сопствениците или корисниците на објектите, и во зимски услови при снежни врнежи тие се должни веднаш да започнат со чистењето на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

**4. Одржување на каналската мрежа во делот на Општина Илинден како дел од ХМС Скопско Поле**

Во општина Илинден под системот за одводнување ХМС Скопско Поле се опфатени 2841 ха.

Примарната и секундарната каналска мрежа за одводнување која поминува низ територија на општина Илинден е во должина од 55.515 метри за чија функционалност е потребно редовно одржување сосласно донесената Годишна програма на АД Водостопанство на РСМ и Акционен план за чистење на каналската мрежа на подрачјето на општина Илинден за 2025 година.

| **Општина Илинден** | |
|---|---|
| **1.Главен канал** | L= 14.200 м |
| **2.Секундарни канали** должина | L= 11.375 м |
| **3.Терцијални канали** (сисавци) должина | L= 20.480 м |
| **4.Оборен канал** | L= 9.500 м |
| | **Вкупно: 55.515 м** |

4.1Терцијална каналска мрежа предвидена за уредување во 2026 година од страна на ЈКП Илинден н.м Илинден

| | **Отворени одводни канали и ендеци** | **должина/метри** |
|---|---|---|
| **Илинден** | Канал-ендек покрај ул.8 | 500 |
| | Канал покрај ул.9 (кај ООУ Гоце Делчев) и во продолжение каналот кој поминува низ спортски терени Илинден | 850 |
| | Канал позади тениски терени | 500 |
| | Канал покрај Јурумлерски пат | 1500 |
| | Ендек покрај ул.21 и ул.27 | 350 |
| | Ендек покрај ул.11, ул.13,ул.15 и ул.19 | 2500 |
| **Вкупно:** | | **6200** |
| **Марино** | Терцијални канали – покрај ул.532 во н.м Марино | 700 |
| | Ендеци покрај ул. 500 | 700 |
| | Терцијален канал позади правните субјекти Пекабеско,Агрома,Палко мак и Кеслер | 350 |

| | | |
|---|---|---|
| | Канал покрај пешачко - рекреативна патека Марино- Кадино | 2000 |
| **Вкупно:** | | **3750** |
| **Кадино** | Канал покрај ул.1 | 300 |
| | канал покрај ул.2 и ул.3 | 500 |
| | канал покрај ул.5 и ул.6 | 550 |
| | Канал покрај ул.7, ул.8, ул.9 и ул.10 | 2400 |
| | Канал покрај локален пат Кадино-Мралино | 500 |
| | Канал покрај локален пат Кадино-Бунарџик | 500 |
| | Канал покрај локален пат Кадино-клучка автопат М3 | 1000 |
| | Пробивање и прочистување каналот кој ги поврзува ул.3 и ул.5 | 500 |
| **Вкупно:** | | **6250** |
| **Мралино** | Ендек покрај ул.1, ул.2 и ул.3 | 1900 |
| | Канал во м.в Шамак | 1000 |
| | Канал во м.в Езериште (покрај ул.7) | 250 |
| | Ендек покрај ул.4 и ул.5 | 1050 |
| **Вкупно:** | | **4200** |
| **Вкупно:** | | **20.400** |

## 5. Извршител на Програмата

Согласно член 5 точка 4 и член 9 од Законот за комунални дејности (Службен Весник на РМ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15 ,147/15,31/16,64/18,302/20,255/24,3/25 и 17/25) задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со Програма за одржување на јавна чистота, одржување на терцијална каналска мрежа, одведувањето на атмосферските води од урбани површини и нивното испуштање во реципиентот, како и за зимското одржување на подрачје на општина Илинден за 2026 година е Јавно Комунално Претпријатие Илинден.

Задолжен субјект за одржување на Главните и секундарните отворени одводни канали е АД Водостопанство на РМ - подружница Скопско Поле-Скопје.

Извршителите имаат обврска за континуирано, квалитетно и навремено одржување на јавната чистота и урбаното зеленило согласно Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година.

Одговорен субјект за спроведување на Програмата се директорите на јавните претпријатија или правните лица на кои им е доверено извршувањето на работите во делот на јавната чистота.

## 4. Финансирање на Програмата

За успешно спроведување и реализација на предметнава програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности се предвидува да се обезбедат финансиски средства во износ од 13.050.000,00 денари и тоа за:

**6 500 000,00 денари предвидени за одржување на јавна чистота**

- од надоместокот за одржување на јавна чистота согласно член 24 од Законот за јавна чистота (Сл.Весник на РМ бр.111/08; 64/09; 88/10; 114/10; 23/11, 53/11, 47/12,80/12 ,163/13,44/15 ,147/15,31/16,122/21 и 255/24) од домаќинства и од правни субјекти и од Буџет на општина Илинден;

**2 000 000,00 денари чистење на снег и мраз во зимски услови**
- од сопствени приходи од Буџетот на Општина Илинден;
- од ЈП Државни патишта(Агенција за државни патишта);

**4.300.000,00 денари за уредување, чистење, нивелирање и одржување на отворени одводни канали за зафаќање и одведување на атмосферски (површински) води:**
- согласно Акциониот план за чистење на каналската мрежа од територијата на општина Илинден за 2026 година;
- од сопствени приходи од Буџетот на Општина Илинден;
- од донации.
- од проекти преку Скопски плански регион и МЗШВ на РМ
- од проекти преку Скопски плански регион и МЗШВ на РМ

**250 000,00 денари за хортикултурно уредување и проширување на јавни зелени површини (озеленување и пошумување)**
- од сопствени приходи од Буџетот на Општина Илинден;
- од донации

**Набавка на приклучна механизација за работна машина- трактор(плуг за снег,приколка,четка за метење на улици,соларка и плуг за заорување)**
- од сопствени приходи од Буџетот на ЈКП Илинден;

**Набавка на комбинирано возило – патар**
- од сопствени приходи од Буџетот на ЈКП Илинден;

**Набавка на батериски алат и машини за одржување на јавни површини**
- од сопствени приходи од Буџетот на ЈКП Илинден;

Висината на надоместокот за одржување на јавна чистота е утврдена со Одлука бр. 07-2187/2 од 24.12.2010 година донесена од Советот на Општина Илинден согласно член 24 од Законот за јавна чистота (Законот за јавна чистота Сл.Весник на РМ бр.111/08; 64/09; 88/10; 114/10; 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13,44/15, 147/15 ,33/16 ,122/21 и 255/24).

## 5. Надзор над извршување на Програмата

Надзор над извршување на Програмата за јавна чистота на подрачјето на општина Илинден за 2026 година ќе го врши надлежниот општински орган - Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат.

Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота вршат комуналниот инспектор, комуналните редари и инспекторот за животна средина.

## 6. Завршна одредба

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ‘’Службен Гласник на Општина Илинден’’.

**Архивски број: 08-2688/22**
**Датум на донесување: 22.12.2025год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за одржување и заштита на општински патишта и улици на подрачјето на општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за одржување и заштита на општински патишта и улици на подрачјето на општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/23 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/20
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став1 точка 15 од Закон за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 20 став 1 точка 11 од Статутот на општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.15/10 и 4/22), член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.12/09), член 7 точка 3 од Законот за комунални дејности (“Службен весник на РМ” бр.95/12, 163/13 и 42/14)и член 14 став 8 и член 61 став 2 од Законот за јавните патишта (Сл.весник на РМ бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09,бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12 ,бр.168/12, бр.163/13, бр.39/14 и бр.42/14),Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 22.12.2025 година, донесе:

# Програма за одржување и заштита на општински патишта и улици на подрачјето на општина Илинден за 2026 година

## 1. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Цел на Програмата е превземање на активности за одржување во функционална состојба на општинските улици и патишта за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на општина Илинден.

## 2. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма е превземање на активности кои се однесуваат на редовно, периодично и интервентно одржување и заштита на општинските улици и патишта,како и изградба и одржување на вертикална и хоризонтална сигнализација на подрачјето на општина Илинден во текот на 2026 година

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма ќе се финансира од средства предвидени во Буџетот на општина Илинден за 2026 година:

- Одржување и заштита на локалните улици и патишта и регулирање на режимот на сообраќајот
- Изградба на нова сообраќајна сигнализација(вертикална и хоризонтална)
- обновување на постоечката хоризонтална сигнализација

Цената на услугите за одржувањето и заштита на општински улици и патишта ги опфаќа цената на материјалите, трошоците на механизацијата (гориво и мазиво) и цената на услугата (во единечна цена на извршена количина или час), дефинирани во ценовникот,донесен наУправниот Одбор на ЈКП Илинден н.Илинден, усвоен од страна на Советот на општина Илинден.

Распределбата на средствата за одржување и заштита на општинските улици и патишта ќе се врши на следниот начин:

| Р.бр. | Опис на позиција | Програма/подставка Вредност во денари |
|---|---|---|
| 1. | Санација на ударни дупки ,чистење на банкини, изработка на нови банкини и корекција на постоечки со поставување на нов тампон,ископ на канавки,набавка и монтажа на сливници, корекција на постоечки шахти,планирање на косини и ископи на тесни канали за површинско одведување на атмосферски води од коловозот и пробивање на земјоделски патишта | **Програма Ј6** Подставка/ 424320 одржување на улици **300.000,00** |
| 2. | Изградба на нова и поставување на веќепостоечка вертикална сигнализација како и поставување на направи за смирување насобраќај согласно собраќајен проект | **Програма ЈФ** Подставка/ 480190 Купување собраќајна опрема **800.000,00** |
| 3. | Изградба на нова хоризонтална сигнализација и обновување на веќепостоечката хоризонтална сигнализација територијата на општина Илинден | **Програма Ј6** Подставка/ 424320 одржување на улици **900.000,00** |
| | **Вкупно** | **2.000.000,00** |

## 4. ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

a) **Обем на изведување на работите**
- **Одржувањето и заштитата на општинските улици и патишта опфаќа:**

- работи со кои континуирано се одржуваат во функционална состојба општинските главни соообраќајни улици и патишта и тротоарите за безбедно одвивање на соообраќајот;
- работи на периодично одржување кои повремено се превземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура;
-крпење на ударни дупки и потполнување на банкини со тампон или гребен асфалт
-констатирање на оштетувања и навремено превземање мерки и активности за нивно санирање, со поправка на ударни дупки и санација на прекопи.
- работи на интервентно одржување за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден соообраќај на општинските улици и патишта;
- редовно следење на состојбите на коловозите и тротоарите на општинските улици и патишта;

Одржувањето и заштитата на општинските улици и патишта ги опфаќа следниве работни операции: раскопување деградиран асфалт, тампонирање со толчаник, прскање со емулзија, асфалтирање, чистење и транспортирање на раскопаниот материјал, крпење на ударни дупки, вградување на ладен асфалт, чистење на цевки под прелази и локални улици и патишта,санирање и уредување на банкини, отстранување на вегетација од банкини и канавките, заливање на површински пукнатини со употреба на емулзија, чистење на канавки и пропусти, планирање на косини,

сечење на постоечки асфалтни површини, ископ на канавки, тесни ископи на канали за одведување на атмосферските води паралелно со должината на патот и улицата со обработка на косини, чистење на коловозите, чистење и водење грижа за објектите за одводнување на патот, прифатни канавки и патни дренажи, косење на трева, обновување на локалните оштетувања на коловозот и трупот на патот, одводнување на атмосферската вода од коловозот како и вонредни интервенци и за обезбедување на сигурен сообраќај.

- **Бележење на хоризонтална сигнализација ,поставување на вертикална сигнализација и направи за смирување на собраќајот**

Со активностите се планира хоризонтално обележување на новоизградените улици и патишта, обновување на хоризонталната сигналзиација на главните сообраќајници во должина од 25 километри,бележење на околу 50 ( пешачки патеки, раскрсници и премини) како и поставување на нови 35 сообраќајни знаци за регулирање на режимот на сообраќај во Општина Илинден како и поставување на нови 5(пет)места направи за смирување на собраќајот на локални улици и патишта на територијата на општина Илинден.

**б) Динамика**

Динамиката на одржувањето и заштитата на општинските улици и патишта ќе се извршува континуирано во текот на целата година.

## 5. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Активностите предвидени во оваа Програма ќе ги извршува јавното комунално претпријатие ЈКП Илинден н.м.Илинден основано од општина Илинден за вршење на работите утврдени со оваа Програма и економскиот оператор кој ќе биде избран по спроведена јавна набавка за изградба и одржување на собраќајна сигнализација на територијата на општина Илинден

## 6. СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Следењето на извршувањето на Програмата за одржување на општински улици и патишта на подрачјето на општина Илинден за 2026 година ќе врши одделението за Инспекциски надзор-Инспекторат или лицата овластени од страна на Градоначалникот на општина Илинден.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Архивски број: 08-2688/23**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за управување со отпад од територијата на општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за управување со отпад од територијата на општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/24 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/21
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 20 став 1 точка 44 од Статут на Општина Илинден (Службен гласник на Општина Илинден бр.15/10 и 4/22) , член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.12/09), член 21 став 1 и член 28 став 1 од Закон за управување со отпад (Службен весник на РМ бр. 216/21), Советот на општина Илинден на седницата одржана на 22.12.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за управување со отпад**
**од територијата на Општина Илинден за 2026 година**

Со Програмата за управување со отпад на територија на Општина Илинден за 2026 година се дефинира:

- Цели на програмата;
- Начинот, динамиката и роковите на собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од домаќинства на подрачјето на Општина Илинден;
- Извршител на Програмата;
- Начин на финансирање;
- Надзор над Програмата;

Оваа Програма е усогласена со законските и подзаконските акти и тоа: Законот за управување со отпад, Законот за животната средина, Законот за комунални дејности и Одлуката за комунален ред на Општина Илинден (објавена во Службен гласник на Општина Илинден бр.6 од 03.07.2014 година).

При постапувањето со комуналниот и другите видови неопасен отпад, Општина Илинден ќе се раководи според начелата за: приоритет при управување со отпадот, заштита на животната средина, претпазливост, блискост, универзалност на услугите и начелото загадувачот плаќа.

Со оваа Програма се опфатени сите делови и населени места од подрачјето на Општина Илинден, а димензионирањето на нивото на услуга и динамиката на нејзино извршување претставуваат заокружена целина со почитување на урбаните, социјалните и културните навики на живеење на населението. Во зависност од бројот и видот на садовите за времено сместување на комуналниот отпад, како и почитувајќи ги претходно наведените навики и потреби, утврдена е динамиката на собирање и транспортирање на истиот, што е исклучиво во интерес на задоволување на потребите на граѓаните, односно на корисниците на услугите.

Собраниот комунален отпад, како од домаќинствата, така и од стопанските субјекти и собраниот отпад од јавно прометните површини, со специјални возила прилагодени за таа намена се транспортира и депонира на санитарната депонија Дрисла.

**1. Цели на програмата**

Со изготвувањето на оваа Програма ЈКП Илинден има за цел исполнување на две стратешки цели и тоа :

- Имплементација на законската регулатива (Регионален План за управување со отпад согласно Законот за управување со отпад и Законот за животната средина)
- Подобрување на оперативното работење, воведување на нови технологии и техники во работењето.

Со цел исполнувањето на основните цели на Законот за управување со отпад, ќе се превземаат активности во насока на :

- Избегнување/намалување на количеството создаден отпад;
- Искористување на употребливите состојки од отпадот;

- Одржлив развој и спречување на негативното влијание на отпадот врз животната средина, а се во интерес на заштита на здравјето на луѓето;
- Селекција на отпадот;

Исто така во функција на исполнување на наведените цели мора да се обезбеди и почитување на основното начело: создавачот на отпад е одговорен за сопствениот создаден отпад во смисла на негово селектирање, негово намалување, штетното влијание врз животната средина со крајна претпазливост во постапувањето со отпадот, особено во делот на постапување со биолошкиот отпад. На овој начин, ЈКП „Илинден“ н.Илинден како давател на услугата ќе може да ги применува начелата на: универзалност на услугата, недискриминација, одржливост на услугата, квалитет и ефикасност, транспарентност, економски прифатлива цена и целосно покривање на територијата за вршење на услугата.

a. **За подобрување и модернизација на системот за управување со отпадот, се планира организирано спроведување и унапредување на постојниот систем за интегрирано управување со отпадот преку :**

- **Набавка на градежна машина-ровокопач**
- **Набавка на камион(кипер)**

1.2 Исто така како дел од организирано спроведување и унапредување на постојниот систем за интегрирано управување со отпадот ќе се опфати и преку:

- Зголемување на селекцијата на отпадот;
- Унапредување и модернизација на интегрираното управување со отпадот преку реализација на Проектот „Управување со стаклена амбалажа на Западен Балкан“ во чие спроведување се вклучени Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), Пакомак, Општина Илинден и ЈКП Илинден, преку Отворениот Регионален Фонд за Југоисточна Европа - Модернизација на општинските услуги, со зголемување на бројот на локации и контејнери за ефикасно селектирање и рециклирање на стаклена амбалажа.
- Набавка на нови метални контејнери од 5,5 $м^3$ за одлагање на биолошки и растителен отпад ;
- Набавка на пластични садови за времено одлагање на отпад од 120 литри и 240 литри и пластични и метални контејнери од 1,1$м^3$
- Во соработка со Општина Илинден и ЈКП Илинден да се набават **1000** нови садови за отпад - пластични канти од 120 литри, кои ќе бидат доделени на домаќинствата како „втора канта“ за селективно складирање на отпадот, со што, околу 20% од корисниците ќе бидат опфатени со втора канта;
- Подигање на јавната свест на граѓаните за селектирање на отпадот преку информирање за можностите за искористување на употребливите состојки од отпадот, намалување на количините растителен и биоразградлив отпад со примена на компостирање, соопштенија поставени на критични места за правилно изнесување, складирање и третман на отпадот, усни и писмени опомени и укажувања од страна на комуналните инспектори на општина Илинден и еко-патролите на ЈКП „Илинден“ како и известувања на веб- страниците на Општината и ЈКП Илинден;
- **Поставување контејнери т.н. зелени острови за селективно собирање отпад (хартија, пластика и стакло)**согласно Одлука за определување на собирен центар и собирни места за поставување на контејнери за собирање и селектирање на отпад на подрачјето на општина Илинден број 08-555/10 од 24.02.2023 година донесена од страна на Советот на општина Илинден.
- **поставување на нови метални контејнери од 5,5 $м^3$ за одлагање на биолошки и растителен отпад** согласно Одлука за определување на собирен центар и собирни места за поставување на контејнери за собирање и селектирање на отпад на

подрачјето на општина Илинден број 08-555/10 од 24.02.2023 година донесена од страна на Советот на општина Илинден.

- Обезбедување на локација за одлагање на градежен шут

**За превземање на горенаведените мерки во соработка со Скопски плански регион изготвен е проект „Изработка на техничка документација со ревизија и Физибилити студија за изградба на компостара,одобрен од страна на УНДП и Биро за регионален развој преку проект„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти –Фаза 2“.**

Почитувајќи го принципот/начелото - загадувачот плаќа, интегрираното управување со отпадот се наметнува како императив, а општината треба да има увид во вкупните количини на создаден отпад и начинот на постапување со него.

За реализација на овие планирани активности неопходно ќе биде:

- **Подигнување на јавната свест и одговорноста на секој субјект за создадениот отпад;**
- **Проширување и надоградување на селективното собирање на отпадот и организирано постапување со него;**
- **Донесување Програма и динамичен (акционен) план за обезбедување на нови дополнителни садови (канти) за времено сместување на отпадот, за новите корисници - физички и правни лица;**
- **Да се зајакне контролата и одговорноста на сите субјекти од создавањето преку постапувањето до одлагањето на отпадот (едукација, подигање на јавната свест, инспекциски органи, систем на стимулации/казни итн.)**
- **Организирање работилници, советувања, обуки, предавања и сл. од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и постапувањето и управувањето со отпадот за граѓаните.**

Идните планови се насочени во насока на унапредувањето и заштитата на животната средина, воведување на нови техники и технологии во управувањето со отпадот, третман на истиот преку искористување на отпадот како секундарна суровина и енергетско гориво, намалување на количината на создавање на отпадот, негов адекватен третман, подигнување на јавната свест за значењето на овој проблем, евиденциите и мониторингот, а се со цел намалување и елиминирање на штетното влијание на овој вид на отпад врз животната средина.

**2. Начин, динамика и рокови за извршување на работите**

Програмата подразбира организирано собирање и транспортирање на комуналниот отпад во една урбана средина во рамки на законската регулатива, што има директно влијание во зачувување на животната средина, гледано од аспект на санитарно и еколошко значење.

Начинот и динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од подрачјето на Општина Илинден е утврдена според следните параметри:

- густината на населеноста;
- количеството на комуналниот отпад;
- структурата на комуналниот отпад;
- социјалните, културните и останатите особености и навики на граѓаните;
- инфраструктурните сообраќајни услови;
- видот и бројот на садовите за комунален отпад.

На подрачјето на Општина Илинден комуналниот, комерцијалниот и технолошкиот цврст неопасен отпад од домаќинствата и правните субјекти, се собира во соодветни садови и тоа: контејнери од 1,1$м^3$ и 5,5$м^3$, како и во пластични канти од 120 и 240 литри, во зависност од потребите на корисниците.

При изготвувањето на динамиката за собирање на комуналниот цврст отпад од населените места, земена е во предвид пред сé, прометноста и фреквентноста на

сообраќајот на улиците поради што како приоритетни се ставени улиците: 2, 8 и 9 во Илинден; улиците 500, 531, 532 и 534 во н.м Марино; улица 10 во н.м Кадино; улица 1 во н.м Мралино и улица 2 во н.м Миладиновци.

Отпадот од домаќинствата редовно се подигнува од соодветни стандардизирани специјални садови за собирање на отпадот - пластични канти од 120 л. со кои се снабдени повеќе од 99,5 % од домаќинствата на територија на Општина Илинден, кои создавачите на отпадот ги изнесуваат до местата определени за таа намена, во деновите и термините определени за изнесување на сметот.

Со зголемувањето на бројот на корисниците, потребно е да се обезбедат дополнителен број на садови за собирање на комуналниот отпад и тоа: пластични канти од 120 и 240 литри, и контејнери од 1,1$м^3$ и 5,5$м^3$.

Со организираното подигнување на отпадот преку систем на изнесување се опфатени **5.886** индивидуални корисници (домаќинства и викенд куќи).

Собирањето на отпадот од индивидуалните корисници - домаќинствата и викенд куќи, се извршува еднаш неделно.

Освен на индивидуалните корисници - домаќинства, ЈКП Илинден врши услуги и на **577** правни субјекти (установи, претпријатија, занаетчии, дуќани, угостителски и трговски објекти и др.) кои локациски се наоѓаат на подрачјето на
Општина Илинден. Динамиката за собирање на отпадот кај овие корисници се утврдува договорно, според нивните потреби.

Собраниот комунален цврст отпад се транспортира и депонира на Депонијата за комунален отпад - Дрисла, по претходно извршена селекција и вадење на корисните состојки од отпадот.

Со цел намалување на количините на создадениот и депонираниот отпад, во 2026 година ќе се продолжи со селектирањето на отпадот и тоа:

- Примарна селекција на отпадот, за што се доделени 550 пластични канти од 120 литри како и 10 пластични контејнери од 1,1 $м^3$ за поголеми правни субјекти;

- Секундарна селекција, која ќе се извршува на претоварна станица, во рамките на постапувањето со отпадот од страна на ЈКП Илинден н.м Илинден.

Во Табела бр. 1 е даден Преглед на динамиката за собирање на отпадот од домаќинствата во Општина Илинден, по населени места.

| Ред. | Место/Ден / ПОНЕДЕЛНИК | Сабота Улица | Време на собирање (час) |
|---|---|---|---|
| 1. | Илинден | 1, 4, 6, 22 ,24, 26, 28 и 32 | 06,00 - 12,00 |
| 2. | Марино | 531, 501, 502, 503, 504, 505, 507, 508, 509, 510 и 526 | 06,00 - 12,00 |
| 3. | Бујковци | Цело населено место | 11,00 - 13,00 |
| 4. | Мршевци | Цело населено место | 07,00 - 11,00 |
| 5. | Бучинци | Цело населено место | 07,00 - 09,00 |

| | ВТОРНИК | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Илинден | 9 | 06,00 - 09,00 |
| 2. | Илинден | 11, 25 и 535 | 06,00 - 11,00 |
| 3. | Марино | 532 и 534 | 06,00 - 09,00 |
| 4. | Марино | 512, 512А, 512Б, 513, 514, 515, 516, 517, 518, 519, 520, 521, 522 и 523 | 06,00 - 13,00 |
| 5. | Бунарџик | Цело населено место | 10,00 - 12,00 |
| 6. | Ајватовци | Цело населено место | 12,00 - 13,00 |

| | С Р Е Д А | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Кадино | 10 | 06,00 - 09,00 |
| 2. | Кадино | Останатиот дел од н.м.Кадино | 06,00 - 11,00 |
| 3. | Мралино | 1 | 07,00 - 09,00 |
| 4. | Мралино | Останатиот дел од н.м Мралино | 09,00 - 12,00 |
| 5. | Миладиновци | 2 | 06,00 - 09,00 |
| 6. | Миладиновци | Останатиот дел од н.м Миладиновци | 09,00 - 11,00 |
| 7. | Текија | Цело населено место | 11,00 - 12,00 |
| 8. | Дељадровци | Цело населено место | 12,00 - 13,00 |

| | ЧЕТВРТОК | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Илинден | 2 | 06,00 - 09,00 |
| 2. | Илинден | 3, 5, 7, 11, 13, 15, 19, 23 и 27 | 06,00 - 13,00 |
| 3. | Марино | 500 | 06,00 - 09,00 |
| 4. | Марино | 400, 401, 403, 405, 406, 416, 408, 409, 410, 411, 412, 413, 414 и 527 | 06,00 - 13,00 |
| 5. | Марино | Локалитет Јака | 06,00 - 12,00 |

| | П Е Т О К | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Илинден | 8 | 06,00 - 09,00 |
| 2. | Илинден | 1, 14 и 20 | 06,00 - 12,00 |
| 3. | Марино | 531, 533 и 536 | 06,00 - 11,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.** | Илинден,Марино и Кадино | Колективно стамбено домување (згради,зелени острови и други јавни површини | 07,00 - 12,00 |
| | **Недела** | | |
| **1.** | Илинден,Марино и Кадино | Колективно стамбено домување (згради,зелени острови и други јавни површини | 07,00 - 12,00 |

**3.Извршител на програмата**

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со Програмата за управување со отпад на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година е ЈКП „Илинден“, н.Илинден.

Извршителот има обврска за континуирано, квалитетно, навремено и организирано собирање и транспортирање на комунален цврст и друг вид неопасен отпад согласно Програмата за управување со комунален и друг вид неопасен отпад на територија на Општина Илинден за 2026 година, со цел зачувување на животната средина од аспект на санитарно и еколошко значење.

Одговорен субјект за спроведување на Програмата е ЈКП Илинден преку одговорното лице - Директорот на ЈКП Илинден.

**4.Финансирање на Програмата**

Финансирањето на програмата го извршува ЈКП Илинден врз основа на фактурирање и наплата на извршените услуги на корисниците, согласно утврдениот ценовник донесен од страна Советот на Општина Илинден.

**5.Надзор над извршување на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата за управување на комуналниот и друг вид на неопасен отпад од територијата на Општина Илинден за 2026 година врши надлежниот општински орган Одделението за инспекциски надзор-инспекторат.

Инспекциски надзор врши Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат на Општина Илинден преку комуналниот инспектор и инспекторот за животна средина .

**6. Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ‘’Службен гласник на Општина Илинден’’.

**Архивски број: 08-2688/24** **Совет на Општина Илинден**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.** **Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/25 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/22
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 20 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Илинден (Службен гласник на Општина Илинден бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.12/09), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 22.12.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година**

1.Со Програмата за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година се врши распределба на средства што на Општина Илинден и припаѓаат согласно Закон за комунални такси(Сл.весник на РМ бр.61/04,64/05,92/07,123/12,154/15,192/15 и 151/21) 2.Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија, тековно одржување (реконструкција), проектирање, изградба и доградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден и тоа :

| Ред Бр. | Активност | Износ (во денари) | Програма / подставка |
|---|---|---|---|
| **1.** | Трошоци за потрошена електрична енергија за јавно осветлување | 9.500.000,00 | Ј30 јавно осветлување Подставка/ 421110 елек.енергија |
| **2.** | Одржување(реконструкција),замена на прегорените улични штедливи светилки, замена на дотраени дрвени електрични столбови, оспособување на постоечките блокови за улично осветлување(промена на осигурачи, склопки-контактори и фотореле) и вградување на штедливи светилки на место на постоечките и др. | 1.500.000,00 | Ј30 јавно осветлување Подставка/ 424390 -одржување на други градби |
| **3.** | Изградба, доградба и модернизирање на јавно осветлување за потребите на граѓаните во сите 12 населени места | 5.000.000,00 | ЈА0 Изградба на јавно осветлување Подставка/ 482920 изградба на други објекти |
| **ВКУПНО :** | | **16.000.000,00** | |

3.Одржувањето на јавното осветлување ќе се врши на сите јавни површини (плоштади, паркови, сообраќајници, паркинзи, надвозници и др.) и тоа во сите дванаесет населени места во Општина Илинден, прикажани во следната табела:

| Реден број | Населено место | Број на улични светилки | Должина на линија-улично осветлување($м^1$) |
|---|---|---|---|
| **1** | Илинден | 649 | **31355** |
| **2** | Марино | 683 | **31335** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3** | Кадино | 276 | **15740** |
| **4** | Мралино | 134 | **7630** |
| **5** | Бунарџик | 84 | **4824** |
| **6** | Ајватовци | 76 | **4630** |
| **7** | Миладиновци | 243 | **11020** |
| **8** | Бујковци | 58 | **2360** |
| **9** | Бучинци | 64 | **2870** |
| **10** | Мршевци | 113 | **4510** |
| **11** | Дељадровци | 130 | **5905** |
| **12** | Текија | 53 | **2150** |
| | **ВКУПНО** | **2563** | **124329** |

**3.1** Планирани активности

Под одржување на јавното осветлување се подразбира:
-замена на сите елементи што се составен дел на столбно место за јавно осветлување (прегорени лед, натриумови и флуоресцентни сијалици, пригушници, игнитори, арматури, стакла, кабли и други материјали).
-демонтажа и повторна монтажа на оштетени столбови од јавно осветлување, комплет со изработка на темел и каблирање
-замена на прегорени осигурувачи и оспособување на командни блокови
-санирање на дефекти и замена на оштетени делови во разводни ормани што служат за напојување на јавното осветлување
-санирање на оштетен кабел за напојување на јавното осветлување, комплет со ископ, затрупување и заштита на кабелот
-други активности поврзани со исправно функционирање на јавното осветлување

**3.2** Материјали потребни за тековното одржување на веќепостоечката мрежа од точка 3 е дадено во следнава табела:

| Реден број | Назив на материјали | Единица мерка |
|---|---|---|
| 1. | **Лед сијалици** | парче |
| 2. | **Кабел СКС 2x16** | м |
| 3. | **Кабел СКС 4x16** | м |
| 4. | **Улична светилка Гесташ, комплет** | парче |
| 5. | **Перфорирана поцинкована лента** | м |
| 6. | **Затегнувачи за СКС** | парче |
| 7. | **Ал-ку клеми** | парче |
| 8. | **Умимакс клеми** | парче |
| 9. | **Заштитно стакло** | парче |
| 10. | **Фотореле со сонда** | парче |
| 11. | **Користење на специјално возило со корпа за улично осветлување** | час |
| 12. | **ПВЦ полна жица 6 мм$^2$** | м |
| 13. | **Дрвени столбови** | парче |
| 14. | **Метален столб од 5 метри** | парче |
| 15. | **Метален столб од 6 метри** | парче |
| 16. | **Улична лед светилка од 50 W** | парче |
| 17. | **Улична лед светилка од 100 W** | парче |
| 18. | **Лед рефлектори од 100 W** | парче |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | **Лед рефлектори од 150 W** | парче |
| 20. | **Лед рефлектори од 200 W** | парче |

**3.3** Обем на одржувањето:

Палењето и гасењето на јавното осветлување се одвива согласно усвоениот календар, а истото се спроведува со вклопни часовници, фото-релиња или во поново време со астрономски дигитален регулатор со астрономски програм. Имајќи ги предвид карактеристиките на регулаторот уредот го има предвид намалувањето / зголемувањето на ноќта во текот на годината на секоја географска локација точно до минута и автоматско поднесување на зимско / летно време.

**4. Проширувањето** на уличното осветлување ќе опфати поставување на нови линии со поставување на електрични столбови (бандери или канделабри), кабел, нови улични светилки, лед сијалици, мерни полиња, блокови, затегачи, ал-ку клеми, унимакс клеми и друго по барања доставени од страна физички и правни лица на територијата на општина Илинден и по укажана потреба.

**5.Задолжен субјект** за извршување на активностите предвидени со Програмата за користење, одржување, проширување и модернизација на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година е општина Илинден преку одделението за инспекциски надзор –Инспекторат и ЈКП Илинден н.Илинден.

Одговорен субјект за спроведување на Програмата е ЈКП Илинден преку одговорното лице - Директорот на ЈКП Илинден.

**6.Финансирањето на Програмата се извршува од надоместот за улично осветлување за 2026 година кој е приход на Буџетот на општина Илинден.**

Наплатата на таксата ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на содветна уплатна сметка, согласно Закон за комунални такси(Сл.весник на РМ бр.61/04,64/05,92/07,123/12,154/15,192/15 и 151/21)

**7.Надзор** над извршувањето на Програмата за користење, одржување, проширување и модернизација на јавно осветлување на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година врши надлежниот општински орган - Одделението за инспекциски надзор - Инспекторат или овластено лице од општината.

8.Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се извршува во зависност од потребите на граѓаните, бизнис секторот и добиените налози од страна на општина Илинден по укажана потреба.

9.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Архивски број: 08-2688/25**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на План и Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Илинден за 2026 година**

Се објавува План и Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/26 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/23
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на законот за Заштита и благосостојба на животните (Сл.весник бр.159 од 13.10.2014) и Правилникот постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на одобрени прифатилишта(Сл.весник 44/21), а со цел воспоставување на систем на контрола на популација на кучиња ) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 22.12.2025година донесе:

## ПЛАН И ПРОГРАМА

## ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА

### 1. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња, условите, организацијата и обемот на извршувањето. За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во нашата држава, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.
Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

### 2.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се преземат на територијата на општината за ефикасна контрола на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на прописите од ветеринарното законодавство.

### 3.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се преземат во 2026 година за ефикасна контрола на популацијата на бездомни кучиња.
Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња-скитници на територијата на Општина Илинден ќе опфатат:

- заловување на кучињата;
- транспорт до прифатилиштето;
- прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина;
- лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, согласно актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните (со кучињата позитивни на Лајшманиоза се постапува согласно наредбата)
- ветеринарно медицински третман на кучињата, оварихистерктомија и орхиектомија;

- постоперативно сместување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- обележување со микрочип;
- враќање на заловените кучиња на реонот на нивното заловување или вдомување на кучињата;
- Спроведување на тест за социјализација на куче (со кучињата нема да го положат тестот и кои ќе бидат прогласени за опасни се постапува во согласност со законските прописи од областа на заштитата и благосостојбата на животните)
- еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство;
- едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

Третманот на заловените кучиња се врши на следниот начин:

- Прифатилиште за кучиња

Секое заловено животно се носи во прифатилиште за кучиња кое е одобрено од Агенцијата за храна ин ветеринарство (прифатилиштето е одобрено од АХВ), каде подложи на сите законски процедури како што е клинички преглед, хируршки зафат-стерилизација/кастрација, третман против екто и ендо паразити, доколку е неопходно лекување на животното итн. Секое животно е евидентирано/регистрирано во базата на податоци, како и обележано (со ушна марица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните. Прифатилиштето ги задоволува пропишаните норми во Правилникот постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на одобрени прифатилишта (Сл.весник 44/21)

Со животните работат само ветеринарни лица и стручни лица кои сакаат животни, кои немаат страв или анимозитет кон животните, лица кои поминале соодветни обуки и припадници на здруженија за заштита на животни. Тие со животните се обврзани да постапуваат грижливо, хумано, задоволувајќи ги стандардите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните. Согласно актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните на сите кучиња им се зема крв за лабораториско испитување на болеста Лајшманиоза, а со кучињата кои ќе бидат позитивни на болеста се постапува со согласност со актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните.

На сите заловени кучиња им се спроведува тест за социјализација на куче од страна на лица овластени од АХВ. Кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни се постапува во согласно со Законот за заштита и благосостојба на животните и соодветните подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон.

**Сите податоци се внесуваат и редовно се ажурираат во ИСАХВ**.

Стерилизација (овариохистерктомија и орхиектомија)

Стерилизација како најефикасната мерка спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација на кучиња. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња,така што во наредните 3-4 години целосно би се решил овој проблем на напуштени кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат.

Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменски кафези, односно боксови и простории за пост оперативен престој и третман, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица.

Боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција,а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор.

Кучињата се вакцинираат против беснило и се третираат против екто и ендопаразити. Животните обележани со ушна маркица се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени. Кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни кучиња не можат да се вратат на реонот туку може само да се вдомат.

Вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња Сите животни кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип,а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, прифатилиштето со кое општина Илинден има склучено договор со Вршителот на услугата има обврска да соработува со здруженија за заштита на животни како и со сите заинтересирани граѓани

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменските вебпортали, со цел да биде олеснат и поттикнат процесот на вдомување на миленик.

Еутаназијата се врши во согласност со важечките законски прописи и наредби;

Еутаназијата се врши од страна и по проценка и одлука на Доктор по ветеринарна медицина од прифатилиштето и во согласност со закон. Постапката на еутаназија се применува во случај:

1. кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари и изнемоштени животни или
2. кога животното е опасно односно нападнало човек или животно согласно членовите 30, 31 и 32 од Законот за заштита и благосостојба на животните,.

Еутаназираните животни се остранувaат на еден од законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## 4. ЕДУКАЦИЈА И ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на Програмата, Владата на РСМ и Општина Илинден се должни да обезбедат комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња.

## 5.ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ И ПРОЦЕНКА НА ПОПУЛАЦИЈА НА КУЧИЊА

Се предвидува интензитетот на заловување на бездомни кучиња во Општина Илинден да биде согласно капацитетот на сместување во прифатилиште кое треба да ги исполнува условите за сместување на 20 бездомни кучиња месечно. Проценуваме дека на територија на општина Илинден има околу 150 бездомни кучиња. Со програмата планираме да опфатиме третман на **најмалку 40 до 50** кучиња годишно.

Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња од територијата на општина Илинден за 2026 година ќе се реализира,согласно потребите на Општина Илинден.

**Приоритет во програмата за третирање и постапување со животните скитници на подрачјето на општина Илинден за 2026 година ќе се даде на урбаниот дел на општина Илинден и јавните институции(општинска зграда, основни и подрачни општински училишта,детски градинки, средно општинско училиште ,домови на култура и спортската сала).**

## 6. Финансирање

Финансирање на Програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на општина Илинден за 2026 година во ставката 425510 за ветеринарни услуги во програма R10 заштита на животна средина во висина од 500 000,00денари.

Цените за заловување на животни скитници ,престој во стационарот и ветеринарниот третман предвидени со оваа Програма се утврдени со ценовникот кои се дефинираат од страна на најповолен понудувач, избран по спроведената јавна набавка од страна на општина Илинден.

## 7. Извршител

Извршител на активностите од оваа Програма е правното лице како вршител на работата по завршена јавна набавка како најповолен понудувач, врз основа на претходно склучен договор со општина Илинден.

**8. Надзор**

Надзор над извршувањето на оваа програма врши одделението за Инспекциски надзор преку општинските инспекторите за комунални работи,комунални редари и инспекторот за животна средина и надлежните државни инспекторати.

**9. Завршна одредба**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Илинден

**Архивски број: 08-2688/26**

**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

**Совет на Општина Илинден**

**Претседател**

**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за управување и одржување на гробишта на општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за управување и одржување на гробишта на општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/27 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/24
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ПРОГРАМА

## За управување и одржување на гробишта на општина Илинден за 2026 година

***Илинден,декември 2025 година***

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02), член 20 став 1 точка 16 од Статут на Општина Илинден (Службен гласник на Општина Илинден бр.15/10),член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.12/09) ,член 7 став 3 од Законот за комунални дејности (,,Службен весник на РМ" 95/2012, 163/13 и 42/14), член 14 од Законот за гробишта и погребални услуги (“Сл.весник на РМ”бр.86/08,156/10 ,53/11,163/13,152/15,31/16,255/24 и 101/25), и одредбите од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Илинден арх.бр.07-1891/4 од 30.06.2014 година (објавена во Службен гласник на Општина Илинден бр.6/2014 година) Советот на Општина Илинден на седница одржана на ден 22.12.2025 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## за управување и одржување на гробишта на општина Илинден за 2026 година

Со оваа Програма се уредува начинот на управување и одржување на гробиштата во локалитетот „Јака“ - К.О. „Марино“ кои ќе бидат користени за потребите **само** на жители од територијата на Општина Илинден, од страна на Управителот со гробишта, а врз основа на Законот за управување и одржување на гробишта (Службен весник на РМ, бр.86/08, 156/10 ,53/11,163/13.... 101/25).

Управувањето и одржувањето на гробиштата (во понатамошниот текст: управување и одржување) ќе го врши Јавното Комунално Претпријатие „Илинден“ - н.Илинден, како Управител на гробишта.

Управувањето и одржувањето значи изградба, реконструкција, тековно и инвестиционо одржување на комуналната инфраструктура и придружните објекти на гробиштата, изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговата употреба.

За да може да врши управување и одржување, Управителот на гробиштата потребно е да поседува дозвола за управување издадена од страна на надлежен орган.

Управувителот на гробиштата е должен да ги врши следниве работи:

- изготвување на план за уредување на гробиштата,
- изготвување на проект за парцелизација и начин на доделување на гробно место согласно со планот и динамиката за реализација на урбанистичкиот план,
- изградба и реконструкција на гробишта со придружни објекти,
- изградба и уредување на патеки и зеленило,
- водење на дневник и регистар на сите погребани лица,
- воспоставува и води евиденција на носител на гробно место,
- утврдување на висината и наплата на надоместокот за обележување и изработка на протокол за регулациона, градежна и нивелациона линија со определување на површина за изградба на гробно место и гроб,
- утврдување на висината и наплата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти на гробиштата,
- утврдување на висината и наплата за доделување на гробно место,
- определување на висината и наплата на надоместокот за одржување на гробишта (гробарина) и
- утврдување на ред и работно време на гробиштата и обезбедување на мир на гробиштата.

## I. Одржување на гробови, гробишта и давање на погребална услуга

За уредување и одржување на гробиштата се грижи давателот на услугите, а за уредување на поединечните гробови се грижат корисниците на услугите.

Вршењето на верските обреди на гробиштата е слободно секој ден. Граѓаните и лицата корисници на земјиштето на гробиштата се должни да се придржуваат на редот и работното време за одржување на гробиштата и да се однесуваат онака како одговара на местото и должното почитување кон починатите.

За одржување на гробиштата, носителот на гробното место на Управителот на гробиштата му плаќа гробна такса (во понатамошниот текст: гробарина) во висина на реалните трошоци за одржување на гробиштата.

## II. Погребални услуги

Начинот на определување, изградба, одржување, употреба и видови гробишта, управувањето со гробиштата, употребата на гробно место и гробница, условите и начинот на вршење на погребални услуги, изградба на надгробни споменици, како и надзорот при давање на погребални услуги се дефинараат со Законот за гробишта и погребални услуги (Службен весник на РМ, бр.86/08, 156/10 и 53/11).

За пристап и користење на гробиштата и на придружните објекти на гробиштата, Управителот на гробиштата склучува договор со операторите на погребалните услуги и со каменорезачите.

Погребалните услуги ги вршат физички и правни лица (оператори на погребални услуги) кои имаат дозвола за вршење на погребални услуги.

За извршеното погребување, операторот доставува примерок од одобрението за погреб издадено од управителот на гробиштата, до Министерството за правда - Управата за водење на матични книги.

## III. Опремување на умрено лице

Погребната опрема на умреното лице е право на избор на брачниот другар, неговите наследници или лицето кое е должно да се грижи за неговиот погреб, а во согласност со верската припадност на умреното лице.

## IV. Трошоци за погребување

Трошоците за погребување паѓаат на товар на лицата претходно наведени.

## V. Финансирање

Финансирањето на изградбата, реконструкцијата, како и управувањето и одржување на гробиштата ќе се обезбедуваат и од:

1) надоместок за одржување на гробиштата - гробарина;
2) надоместок за пристап и користење на гробишната инфраструктура од операторите на погребалните услуги и каменорезачите;
3) надоместок за доделување на употреба на гробно место;
4) средства од буџетот на општината; и
5) кредити, донации и друго.

## VI. Предвидени активности во 2026 год.

Гробиштата се градат, реконструираат или одржуваат во согласност со Законот за гробишта и погребални услуги (Сл.Весник на РМ бр. 86/08, 156/10 и 53/11), со прописите за градење, со прописите за заштита на животната средина и прописите за здравствена и санитарна заштита.

**ПРЕГЛЕД**
**На работите и активностите за 2026 година**

| Ред бр. | Вид и опис на работите и активностите |
|---|---|
| 1. | Изградба на инфраструктурни и градежни објекти за потребите на гробиштата (изградба на капела,ладилници,помошни простории и тоалети) |
| 2. | Одржување на постоечката и изградба на нова комунална инфраструктура како и тековно одржување на гробиштата |

**За реализирање на горенаведените активности од точка 1 ќе се обезбедат финансиски срества од: сопствени приходи од Буџетот на општина Илинден, од донации и од ресорни министерства по изработен проект во висина од 6 357 000,00,00денари.**

**Јавното комунално претпријатие Илинден во финансискиот план и планот за јавни набавки за 2026 ќе предвиди 1 500.000,00 денари, средства кои ќе бидат искористени за реализирање на горенаведените активности од точка 2.**

## VII. Надзор

Надзор над примената на Законот за гробишта и погребални услуги и прописите донесени врз основа на овој закон врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи.

## VIII. Инспекциски надзор

Инспекциски надзор над примената на оваа Програма (овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот комунален инспекторат преку државни комунални инспектори, односно) вршат овластените комунални инспектори на општината (и Државниот санитарен и здравствен инспекторат преку државни санитарни и здраствени инспектори).

Државниот комунален инспектор, по службена должност, врши инспекциски надзор над јавното претпријатие, дали за вршењето на работите на управување со гробишта води посебно сметководство за приходите остварени од вршењето на оваа дејност, како и над управителот на гробиштата и операторот на погребални услуги во поглед на тоа дали има дозвола за вршење на дејноста и дали постојано ги исполнува предвидените законски услови.

**Архивски број: 08-2688/27**
**Датум на донесување: 29.12.2025 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за еднакви можности на општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за еднакви можности на општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/28 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/25
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на РМ. БР.05/02), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените ( Службен весник на РМ бр.6/12,166/14,150/15) година и член 20 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Илинден( Сл.гласник на Општина Илинден бр.15/2010, 4/2022) Советот на Општина Илинден на 3-та редовна седница одржана на ден 22.12.2025година ја донесе следната

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

# НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Илинден има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот.

За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, должна е да изработи годишна програма во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да презема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои, еднаквоста ќе биде пракса.

Ваквите нееднаквости се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата наметнати поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина и организацијата на општеството.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основните цели на активностите на општина Илинден во областа на родовата еднаквост предвидени со оваа програма се:

- Воспоставување на систем за собирање на родово разделени податоци
- Изготвување на стратешки документ за родова еднаквост
- Унапредување на економската положба на жените и женското претприемништво.
  - Унапредување на социјалните услуги.
  - Зголемување на свеста и на знаењето (особено на децата и младите) за концептот на родово базираното насилство како и булингот особено во интернет просторот и на социјалните медиуми.

## 3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Илинден за 2026 година се пред сè,

координаторката за еднакви можности поддржана од Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Илинден.

Обврска и одговорност на админстрацијата е да креираат, иницираат и организираат активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги разгледуваат од родов аспект сите одлуки, извештаи, идеи и политики на Општината.

4. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

| **Реден број** | **Активност** | **Времетраење** | **Буџет на проектот-мкд** | **Одговорни за имплементација/ партнери** | **Извори на финансирање** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Прибирање на родово-разделени податоци | јануари-декември 2026 (континуирано) | / | Координаторка за еднакви можности/заменик координаторка/ | / | -Изготвен 1 документ со родово-разделени податоци со:<br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во училишта;<br>-број на жени/мажи вработени по позиции во општина;<br>-број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комунално претпријатие;<br>- број на жени/мажи управители во фирми;итн. |
| 2. | Изработка на Стратегија | јануари – јуни 2026 | 20.000, 00 | Координаторка за еднакви можности/НВО сектор/ КЕМ/општинска администрација | Буџет на ЕЛС | Изработена 1 Стратегија за еднакви можности за период од 5 години со вклучен детален локален Акциски план |
| 3. | Спроведување обуки со ученици од средното и основните училишта за зајакнување на | септември – декември 2026 | 50.000 | Општината во соработка со НВО и училиштата | Буџет на општина Илинден | -најмалку 50 ученици (момчиња и девојчиња) обучени за препознавање на родово базираното (сајбер) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство (особено на Интернет) и за булинг | | | | | насилство<br>-за 20% зголемено знаење за препознавање на родово базираното (сајбер) насилство |
| 4. | Организирање на настан по повод Меѓународната кампања “16 дена активизам за борба против насилството врз жените“ | Ноември-декември 2026 | 30.000 | Општината, КЕМ, во соработка со НВО | Буџет на општина Илинден | -организиран најмалку еден настан за одбележување на меѓународната кампања за борба против насилстово врз жените. |
| 5. | Давање социјална услуга нега во домот (за стари лица) (ќе се спроведе преку програмата за социјална заштита и сооветниот буџет) | Тековно 2026 | / | Општина | Буџет на општина Илинден | - најмалку лица добиле услуга за нега во домот (разделени по пол) |
| 6. | Поддршка на (млади) жени претприемачки (ќе се реализира преку програмата за финансиска поддршка на жители на општина Илинден) | 2026 (февруари-јуни) | / | Општината | Буџет на општина Илинден | - најмалку жени поддржани за започнување бизнис |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | | | | | **100.000 МКД** | |

5.РЕАЛИЗАЦИЈА

Членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите:

Христина Колевска-Претседател
Мери Стаменковска-Член
Сара Ѓорѓиевска-Член
Лука Трифуновиќ-Член и
Ацо Христовски-Член

Координатор за еднакви можност на жените и мажите
Тања Маневска Николовска
Заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите-Тања Панковска Панушковски

За реализација на претходно наведените активности, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Илинден во износ од 100.000 денари.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Илинден".

Арх.бр.08-2688/28
Дата 29.12.2025г

Совет на Општина Илинден
Претседател
м-р Светлана Слезенковска с.р

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за финансиска поддршка на жителите на општина Илинден за 2026 година**

Се објавува Програма за финансиска поддршка на жителите на општина Илинден за 2026 година бр.08-2688/29 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/26
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ. бр 5/2002) и член 20 став 1 точка 10 од Сатутот на Општина Илинден ( Сл.гласник бр.15/2010, 4/2022) Советот на Општина Илинден на 3-та редовна седница, одржана на ден 22.12.2025 година донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЖИТЕЛИТЕ ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Програма се уредуваат условите, постапката и начинот на доделување на финансиската поддршка за жителите на Општина Илинден која Општина Илинден ќе ја доделува во текот на 2026година.

**Член 2**

Под поимот финансиска поддршка од член 1 на оваа Програма се подразбираат:

- Еднократна парична помош која ќе се доделува за набавка на велосипеди на лица со живеалиште на територијата на Општина Илинден;
- Еднократна парична помош која ќе се доделува за набавка на инвертер клими односно соларни панели на семејства со живеалиште на територијата на Општина Илинден;
- Еднократна парична помош која ќе се доделува за поддршка на млади претприемачи чиј бизнис е со седиште на територијата на Општина Илинден;
- Еднократна парична помош за секое прваче запишано во основните училишта на територија на Општина Илинден;
- Организирање на училишен летен камп;

**Еднократна парична помош за набавка на велосипеди**

**Член 3**

Постапката за доделување финансиски средства за набавка на велосипед започнува со објава на јавен повик.

Износот кој Општина Илинден го доделува како финансиска поддршка за набавка на велосипед изнесува 50% од сумата за која е купен велосипедот односно до максимум 4.000,00 денари по велосипед.

Секој граѓанин со живеалиште во Општина Илинден може да аплицира за финансиски средства за набавка на еден велосипед во текот на годината.

За да се оствари правото на добивање на финансиски средства за набавка на велосипед граѓанинот треба да поднесе барање со приложена фотокопија од лична карта, податоци за трансакциска сметка како и доказ за набавка на велосипед со точен износ (фискална сметка , фактура со доказ за плаќање )

Постапката за доделување финансиски средства за набавка на велосипед започнува со објава на јавен повик.

**Еднократна парична помош за набавка на инвертер клими односно соларни панели**

**Член 4**

Износот кој Општина Илинден го доделува како финансиска поддршка за набавка на инвертер клими односно соларни панели изнесува 50% од вредноста на инвертерот односно соларниот панел до максимум од 10.000,00 денари по производ.

Секое семејство со живеалиште во Општина Илинден може да аплицира за финансиски средства за набавка на една инвертер клима односно соларен панел во текот на годината.

За да се оствари правото на добивање на финансиски средства за набавка на инвертер клима односно соларен панел треба да се поднесе барање со приложена фотокопија од лична карта, податоци за трансакциска сметка како и доказ за набавка на инвертер клима со точен износ (фискална сметка ,фактура со доказ за плаќање.)

**Еднократна парична помош поддршка на млади претприемачи**

**Член 5**

Постапката за доделување средства за поддршка на млади претприемачи започнува со објава на јавен повик.

Износот кој Општина Илинден го доделува како финансиска поддршка за млади претприемачи изнесува 10.000 денари во траење од 3 години.

Сите млади до 35 години ( мажи и жени) кои ќе основаат фирма во 2026 година со седиште на територијата на Општина Илинден можат да аплицираат за финансиска поддршка во текот на годината.

За да се оствари правото на добивање на финансиски поддршка за млади претприемачи лицето треба да се поднесе барање со приложена фотокопија од лична карта, податоци за трансакциска сметка на фирмата како и доказ од Централен Регистар за основање на фирмата.

**Еднократна парична помош за првачиња**

**Член 6**

Мерката предвидува еднократен надоместок во висина од 3.000 денари за секое прваче во општината и истата има за цел да ги олесни почетните трошоци за новиот ученик во семејството.

Паричната помош ќе се доделува врз основа на поднесено барање до Општина Илинден, од страна на член на семејството на ученикот.

За да се оствари правото на парична помош за прваче треба да се поднесе барање со приложена потврда од училиштето за запишан ученик во прво одделение за тековната учебна година, фотокопија од извод на родени за првачето, фотокопија од важечка лична карта од родителите, фотокопија од активна трансакциска сметка на родителот кој е подносител на барањето по објавен јавен повик од страна на општината.

**Организирање на училишен летен камп**

**Член 7**

Со проектот се предвидува 50 ученици од основните општински училишта „Гоце Делчев “, „Ристо Крле“ и „Браќа Миладиновци“, кои покажале исклучителен успех во своето образование и се истакнале како најдобри во спроведување на воспитно-образовниот процес, да бидат дел од спроведувањето на училишниот летен камп. Со активностите децата ќе бидат организрано сместени во излетнички места во државата каде ќе можат да поминат 5 дена во заедничко дружење.

**Постапка и Комисија за одлучување по барањата за финансиска поддршка за набавка на велосипеди, инвертер клими/соларни панели ,поддршка на млади претприемачи и еднократна парична помош за првачиња**

**Член 8**

Постапката за доделување финансиска поддршка од членовите 3,4, 5 и 6 од оваа Програма започнува со објава на јавен повик.

Одлуката за објавување на јавен повик ја донесува Градоначалникот на Општина Илинден.

Рокот на траење на повикот се утврдува со одлуката за негово објавување а не може да биде пократок од 30 дена.

Јавниот повик се објавува на огласната табла на Општина Илинден како и на општинската веб страна.

Градоначалникот на Општина Илинден со Решение формира три члена комисија од редот на вработените во Општинската администрација, која има обврска да ги разгледа пристигнатите апликации од страна на заинтересираните лица и да ја разгледа приложената документација.

Изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот повик, ќе се прави запазувајќи го принципот **“прв дојден, прв услужен“**, односно по редослед на поднесување на апликацијата, до исцрпување на расположивите средства освен еднократна парична помош за првачиња која ќе се додели за сите поднесени барања кои ги исполнуваат условите.

По изборот на апликанти Градоначалникот на Општина Илинден ќе донесе решение со кое се усвојува или одбива барањето за финансиска поддршка.

Комисијата одлучува по барањата за доделување финансиска поддршка согласност со одредбите од Законот за општата управна постапка.

Организирањето на училишен летен камп ќе биде спроведено од страна на основните училиште на територијата на Општина Илинден.

**V. Финансирање**

**Член 9**

**Финансиските с**редства за поддршка согласно оваа програма ќе се издвојуваат од Буџетот на општината, поточно :

- За доделување на финансиски средства за набавка на велосипеди на лица со живеалиште на територијата на Општина Илинден од ставка 464990-Други

трансвери, потпрограма Р10 Заштита на животна средина и природа. За оваа намена предвидени се финансиски средства во вкупен износ од 350.000,00 денари;

- За доделување на финансиски средства за набавка на инвертер клими / соларни панели на лица со живеалиште на територијата на Општина Илинден од ставка 464990-Други трансвери, потпрограма Р10 Заштита на животна средина и природа. За оваа намена предвидени се финансиски средства во вкупен износ од 750.000,00 денари;

- За поддршка на млади претприемачи чиј бизнис е со седиште на територијата на Општина Илинден од ставка 464990-Други трансвери потпрограма Г10 Поддршка на локалниот економски развој. За оваа намена предвидени се финансиски средства во вкупен износ од 150.000,00 денари

- За доделување на еднократна парична помош за првачиња од ставка 464990-Други трансвери, потпрограма N10- образование. За оваа намена предвидени се финансиски средства во вкупен износ од 550.000,00 денари;

- За организирање училишен летен камп предвидени се финансиски средства во износ од 650.000,00 денари од Буџетот на Општина Илинден Програма Н1- службени патувања и сместувања , ставка 420130;

**VI. Преодни и завршни одредби**

**Член 10**

Финансиската подршка утврдена со оваа Програма ќе се доделува согласно Правилник за условите, начин и критериумите за доделување на финансиски средства во вид на еднократна парична помош за набавка на велосипеди, инвертер клими односно соларни панели ,помош за млади претприемачи, и еднократна парична помош за првачиња кој ќе биде донесен од Советот на Општина Илинден.

**Член 11**

Програмата стапува во сила со денот нејзино објавување во Службен гласник на Општина Илинден.

**Архивски број:08-2688/26**
**Датум на донесување: 29.12.2025г**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

ПРИЛОГ 1 – Образец на барање финансиски средства за набавка на велосипед

ДО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Улица 9 бр. 38

1041 Илинден

**БАРАЊЕ**

**За финансиски средства за набавка на велосипед**

Од ______________________________________, со живеалиште на ул. __________________, бр. _______ во Општина Илинден.

Барам да ми одобрите финансиски средства за набавка на велосипед.

Средствата да ми бидат исплатени на жиро сметка _____________________________, во

_______________________ Банка.

Прилог:

- Фотокопија од лична карта
- Доказ за набавка на велосипедот со износ (фискална сметка, фактура)

***Изјавувам дека податоците содржани во ова Барање се точни и истите можат да се користатсамо за намената за која се бараат***

ПОДНОСИТЕЛ,

_____________________

ПРИЛОГ 2 – Образец на барање финансиски средства за набавка на инвертер клима или соларен панел

ДО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Улица 9 бр. 38

1041 Илинден

**БАРАЊЕ**

**За финансиски средства за набавка на инверетер клима или соларен панел**

Од ______________________________________, со живеалиште на ул. __________________, бр. _______ во Општина Илинден.

Барам да ми одобрите финансиски средства за набавка на инвертер клима.

Средствата да ми бидат исплатени на жиро сметка _____________________________, во

_______________________ Банка.

Прилог:

- Фотокопија од лична карта
- Доказ за набавка на инвертер клима со износ (фискална сметка, фактура)

***Изјавувам дека податоците содржани во ова Барање се точни и истите можат да се користатсамо за намената за која се бараат***

ПОДНОСИТЕЛ,

_____________________

ПРИЛОГ 3 – Образец на барање финансиска поддршка на млади претприемачи

ДО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Улица 9 бр. 38

1041 Илинден

**БАРАЊЕ**

**За финансиска поддршка на млади претприемачи**

Од ______________________________________, со живеалиште на ул. __________________, бр. _______ во Општина Илинден.

Барам да ми одобрите финансиска поддршка на млади претприемачи.

Средствата да ми бидат исплатени на жиро сметка на фирмата _____________________________, во _______________________ Банка.

Прилог:

- Фотокопија од лична карта
- Доказ од ЦРМ за основа на фирма

***Изјавувам дека податоците содржани во ова Барање се точни и истите можат да се користатсамо за намената за која се бараат***

ПОДНОСИТЕЛ,

_____________________

ПРИЛОГ 3 – Образец на барање за еднократна парична помош за првачиња

ДО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Улица 9 бр. 38

1041 Илинден

**БАРАЊЕ**

**За еднократна парична помош за прваче**

Од ______________________________________, со живеалиште на ул. __________________, бр. _______ во Општина Илинден.

Барам да ми одобрите еднократна парична помош за запишано правче

Средствата да ми бидат исплатени на жиро сметка на трансакциска сметка _____________________________, во ______________________ Банка.

Прилог:

- потврда од училиште за запишан ученик во прво одделение за тековната учебна година
- фотокопија од извод на родени за првачето
- фотокопија од лична карта од родителите
- фотокопија од трансакциска сметка од родителот

Изјавувам дека податоците содржани во ова Барање се точни и истите можат да се користат само за намената за која се бараат

ПОДНОСИТЕЛ,

_____________________

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за доделување еднократна парична помош на семејства со новороденче на подрачје на општина Илинден**

Се објавува Одлука за доделување еднократна парична помош на семејства со новороденче на подрачје на општина Илинден бр.08-2688/30 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/27
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа, (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/02), а во согласност со член 6 став став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25),Советот на Општина Илинден на 3-та редовна седница одржана на 22.12.2025г донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување еднократна парична помош на семејства со новороденче на подрачје на Општина Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче кои се со живеалиште на подрачје на Општина Илинден.

**Член 2**

На секое семејство со новороденче со живеалиште на подрачје на Општина Илинден ќе му биде доделена еднократна парична помош во износ од 6.000,00 денари.

**Член 3**

Еднократна парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено барање од страна на семејството со уредно приложена документација и тоа:

- Извод на матична книга за родени на детето;
- Фотокопија од лична карта на мајката;
- Фотокопија од лична карта на таткото;
- Копија од трансакциска сметка;

Барањето се поднесува најдоцна во рок од 90 дена од датумот на рагање на детето.

**Член 4**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општината поточно од потпрограма В1-детски градинки потставка 464990-други трансфери.

**Член 5**

Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче на подрачје на Општина ИЛинден бр.07-140/5 од 28.01.2022 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Илинден“.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Архивски број:08-2688/30**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилник за условите, начинот и постапка за остварување и враќање на паричен надоместок за новороденче во општина Илинден**

Се објавува Правилник за условите, начинот и постапка за остварување и враќање на паричен надоместок за новороденче во општина Илинден бр.08-2688/31 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/28
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), а во врска со Програмата за активности на Општина Илинден во областа на социјалната заштита за 2026 година , Советот на Општина Илинден на 3-та редовна седница, одржана на ден 22.12.2025 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА УСЛОВИТЕ НАЧИНОТ И ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И ВРАЌАЊЕ НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА НОВОРОДЕНЧЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување и враќање право на паричен надоместок за новороденче во Општина Илинден.

**Член 2**

Право на паричен надоместок за новороденче еднократно се исплаќа на семејството на новороденчето.

Правото од ставот 1 од овој член може да го оствари мајката или таткото на новороденчето доколку еден од нив е со постојано место на живеење во Општина Илинден.

Во случај на раѓање на близнаци, тројка и повеќе деца правото од став 1 на овој член се остварува поединечно за секое новороденче.

**Член 3**

Висината на паричниот надоместок од член 2 став 1 изнесува 6.000,00 денари и ќе се исплаќа од Буџетот на општина Илинден.

Паричен надоместок за новороденче се исплака врз основа на донесеното решение од Градоначалникот на Општина Илинден.

**Член 4**

Барањето за остварување на правото на паричен надоместок за новороденче се поднесува најкасно до 90 дена од раѓањето на новороденчето.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се уредува со прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

За остварување на правото на паричен надоместок за новороденче во прилог на барањето од членот 4 став 1 на овој правилник се поднесува фотокопија од лична карта на еден од родителите на новороденчето, извод од матична книга на родените на новороденчето и трансакциска сметка.

Барањето што е поднесено по рокот од член 4 став 1 ќе се смета за неуредно и истото нема да биде предмет на разгледување.

**Член 6**

Правото на паричен надоместок за новороденче, се губи , ако по неговото остварување , од страна на службено лице се утврди дека истото е остварено врз основа на неточни и неверодостојни податоци внесени во барањето од член 4 став 1 на овој правилник.

**Член 7**

Семејството на новороденчето е должно да ги врати исплатените средства исплатени како правото на паричен надоместок за новороденче, ако се утврди дека истите се исплатени

врз основа на неточно дадени податоци во барањето од член 4 став 1 еден од овој правилник.

За вракањето на исплатените средства од став 1 на овој член , Градоначалникот на општината носи решение , а паричниот надоместок се уплаќа на сметката на Буџетот на општина Илинден.

**Член 8**

Со донесување на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите , начинот и постапката за остварување и враќање на паричен надоместок за новороденче на Општина Илинден арх.бр.08-197/8 од 30.01.2023 година.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на ОпштинаИлинден“.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Архивски број:08-2688/31**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилник за условите, начин и критериумите за доделување на финансиски средства во вид на еднократна парична помош за набавка на велосипеди, инвертер клими односно соларни панели, помош за млади претприемачи и еднократна парична помош за првачиња во општина Илинден**

Се објавува Правилник за условите, начин и критериумите за доделување на финансиски средства во вид на еднократна парична помош за набавка на велосипеди, инвертер клими односно соларни панели, помош за млади претприемачи и еднократна парична помош за првачиња во општина Илинден бр.08-2688/32 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/29
Од 29.122025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”бр. 5/02) и член 9 од Програмата за финансиска подршка на жителите на Општина Илинден за 2026 година, Советот на Општина Илинден на 3-та редовна седница, одржана на ден 22.12.2025 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за условите , начин и критериумите за доделување на финансиски средства во вид на еднократна парична помош за набавка на велосипеди, инвертер клими односно соларни панели , помош за млади претприемачи и еднократна парична помош за првачиња во Општина Илинден**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и критериумите за доделување на финансиски средства во вид на еднократна парична помош за набавка на велосипеди , на инвертер клими односно соларни панели и помош за млади претприемачи кои вршат дејност и се со седиште на територија на Општина Илинден и еднократна парична помош за првачиња во Општина Илинден.

I**. Услови и начин на доделување на еднократна финансиска помош за набавка на велосипеди**

**Член 2**

Право на еднократна парична помош за набавка на велосипед може да оствари за набавка на еден велосипед за период од една година секој граѓанин кој има постојано место на живеење во Општина Илинден.

**Член 3**

Висината на парична помош од член 2 на овој правилник изнесува 50% од набавената вредност на велосипедот но не повеќе од 4.000,00 денари.

**член 4**

За обезбедување на финансиска помош од ставот 2 на овој правилник општина Илинден објавува јавен повик на ВЕБ страната на општината и на огласната табла во просториите на Општина Илинден.

Јавниот повик трае најмалку 30 дена од денот на објавувањето.

**Член 5**

За финансиската помош од членот 2 на овој правилник се поднесува барање во чии прилог се доставува фотокопија од лична карта, податоци за трансакциска, доказ за набавка на велосипед со точен износ (фактура, профактура, договор и сл.), а од страна на службеното лице на општината се прави увид во личната карта заради утврдување на адресата на живеење.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се утврдува со овој правилник со прилог 1 кој е составен дел на правилникот.

**II. Услови и начин на доделување за еднократна финансиска помош за  набавка на на инвертер клими односно  соларни панели**

**Член 6**

Право на еднократна парична помош за набавка на инвертер клими односно соларни панели може да оствари секое семејство кое има постојано живеалиште во Општина Илинден.

**Член 7**

Висината на парична помош од член 6 на овој правилник изнесува 50% од набавната вредност на инвертерот клими или соларни панели но не повеќе од 10.000,00 денари.

**Член 8**

За обезбедување на финансиска помош од член 6 на овој правилник општина Илинден објавува јавен повик на ВЕБ страна на општината и на огласната табла во просториите на Општина Илинден.

Јавниот повик трае најмалку 30 дена од денот на објавувањето.

**Член 9**

За финансиската помош од членот 7 на овој правилник се поднесува барање во чиј прилог се доставува , фотокопија од лична карта , податоци за трансакциска , доказ за набавка на инвертер клими односно соларни панели со точен износ (фактура, профактура, договор и сл.) и фотографија од монтирана инвертер клима односно соларен панел.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се утврдува со овој правилник со прилог 2 кој е составен дел на правилникот.

III. **Услови и начин на доделување за еднократна финансиска  парична помош поддршка на млади претприемачи**

**Член 10**

Право на еднократна парична помош за поддршка на млади претприемачи може да оствари секое полнолетно лице со навршени најмногу до 35  години живот кое ќе регистрира трговско друштво согласно закон во Централен регистар за трговски друштва и други правни лица во календарската година во која се објавува повикот со седиште на територијата на Општина Илинден

**Член 11**

Висината на еднократната парична помош од член 10 на овој правилник изнесува 10.000,00 денари во траење од 3 години.

**Член 12**

За обезбедување на финансиска помош од член 10 на овој правилник општина Илинден објавува јавен повик на ВЕБ страната на општината и на огласната табла во просториите на Општина Илинден.

Јавниот повик трае најмалку 30 дена од денот на објавувањето.

**IV Услови и начин на доделување за еднократна финансиска парична помош за првачиња**

**Член 13**

Право на еднократна парична помош за прваче може да оствари секое семејство со живеалиште на територија на Општина Илинден кое во годината во која се објавува јавниот повик има запишано дете ученик во прво одделение.

**Член 14**

Висината на еднократната парична помош од член 13 на овој правилник изнесува 3.000,00 денари.

**Член 15**

За обезбедување на финансиска помош од член 10 на овој правилник општина Илинден објавува јавен повик на ВЕБ страната на општината и на огласната табла во просториите на Општина Илинден.

Јавниот повик трае 30 дена а ќе се објавува од 01 септември со траење до 30 септември.

**Член 16**

За финансиската помош од членот 13 на овој правилник се поднесува барање во чиј прилог се доставува , барање со приложена потврда од училиштето за запишан ученик во прво одделение за тековната учебна година, фотокопија од извод на родени за првачето, фотокопија од важечка лична карта од родителите, фотокопија од активна трансакциска сметка на родителот кој е подносител на барањето по објавен јавен повик од страна на општината.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се утврдува со овој правилник со прилог 3 кој е составен дел на правилникот.

V**. Постапка за доделување на еднократна парична помош за набавка на велосипеди , инвертер клими односно соларни панели, еднократнапарична помош за млади претприемачи и еднократна парична помош за првачиња**

**Член 17**

За објавување на јавен повик од членовите 4, 8, 12 и 15 од овој правилник Градоначалникот на општина Илинден донесува одлука.

Градоначалникот на општина Илинден со Решение формира Комисија за разгледување на барањата за доделување еднократна парична помош за велосипеди, за инвертер клими односно соларни панели , поддршка на млади

Претприемачи и финасиска помош за првачиња( во понатамошен текст на правилникот Комисијата).

Комисијата е составена од 3 члена и е од редот на вработените во администрација на општината.

Комисијата ги разгледува барањата од член 5, 9, , 13 и 16 на овој правилник, изготвува записник за утврдената фактичка состојба и за исполнување на условите за остварување на еднократна финансиска помош изготвува извештај кој го доставува до Градоначалникот на општина Илинден.

Врз основа на Извештајот од став 4 на овој член Градоначалникот на општина Илинден, донесува решение за доделување на еднократна финансиска помош по принципот "прв дојден, прв услужен", односно по редослед на поднесените барања до исцрпување на предвидените расположливите средства согласно Програмата освен кај јавниот повик за доделување еднократна парична помош за првачиња каде не се примнува принципот "прв дојден, прв услужен", и се прифаќаат сите барања кои ги исполнуваат условите.

Решението за доделување еднократна парична помош за набавка на велосипед, инвертер клими односно соларни панели ,еднократна парична помош за млади претприемачи и за првачиња од став 5 на овој член се донесува во рок од 30 дена од денот на приемот на извештајот од став 4 на овој член.

**Член 18**

Барањето од членовите 5, 9, 13 и 16 на овој правилник се поднесуваат во рокот утврден во јавниот повик.

Барањето што е поднесено по рокот утврден во јавниот повик ќе се смета како да не е поднесено.

**Член 19**

Пропратните документи кои се приложуваат кон барањето за еднократна парична помош : фотокопија од лична карта, фотокопија од трансакциска сметка, доказ за набавка на велосипед , инвертер клима односно соларен панел, доказ за регистрирана фирма од Централен регистар, фотографии,фотокопија од извод на родени, потврда од училиште, не се враќаат на барателот.

Подносителот на барањето за остварување на еднократна финансиска помош од член 2, 6, 10 и 13 од овој правилник е должен да дава точни и веродостојни податоци.

За утврдени неточни и неверодостојно дадени податоци од став 2 на овој член се губи правото за еднократна парична помош и еднократната финансиска помош се враќа во содветна постапка во Буџетот на општината.

**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Илинден“.

Со донесување на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите, начин и критериумите за доделување на финансиски средства во вид на еднократна парична помош за набавка на велосипеди, инвертер клими односно соларни панели ,помош за млади претприемачи бр.08-197/7 од 30.01.2023година

Арх.бр.08-2688/32
Од 22.12.2025г

СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Претседател
м-р Светлана Слезенковска с.р

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5(пет) членови во Управен одбор и 3(три) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден**

Се објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5(пет) членови во Управен одбор и 3(три) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден бр.08-2688/33 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/30
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17 и 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) по предлог на Градоначалникот на Општина Илинден , Советот на Општина Илинден објавува:

**Јавен повик**
**За пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5 ( пет) членови во Управен одбор и 3 ( три ) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие „ Илинден“ н.Илинден**

**ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**
Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на (5) члена во Управен одбор и 3 ( три) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие „ Илинден“ н.Илинден со седиште на ул.„9 бб Илинден.
Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**
Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.
Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Илинден www.ilinden.gov.mk и на веб страната на Јавното комунално претпријатие „ Илинден“ н.Илинден.

**УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**
**За член на Управен одбор на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:**
• е државјанин на Република Северна Македонија
• има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
• во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на управниот одбор на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден треба да имаат и најмалку 5 години работно искуство, и тоа:

– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.
Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**За член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие „ Илинден“ н.Илинден може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:**

-е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**
Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на управниот/надзорниот одбор на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден:
1. Образец за пријавување ( со назнака за кој одбор се пријавува);
2. Кратка биографија,
3. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
5. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
6. Потврда за евидентиран стаж од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија;
7. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон ;

**ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ**
Постапката за селекција на членовите на управен одбор на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден
се состои од две фази и тоа:
-Фаза 1 – административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и
– Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).
Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Илинден,

**РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**
Јавниот повик се објавува на ден 09.01.2026 година и трае 5 дена дена, односно најдоцна до 13.01.2026година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:
Архивата на Општина Илинден, ул.9 бр.38 Илинден со назнака „ За Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден.
Незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.
Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Арх.бр.08-2688/33
Од 22.12.2025г

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска**

**Образец за пријавување на јавен повик за појавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Назив и седиште на јавното претпријатие** | |
| 2. | **Име и презиме** | |
| 3. | **Место на живеење ( улица и број)** | |
| 4. | **Телефон за контакт** | |
| 5. | **Е-маил/e-mail** | |
| 6. | **Кратка биографија** | |
| 7. | **Уверение за државјанство** | |
| 8. | **Уверение или диплома за завршено образование** | |
| 9. | **Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик ( потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж)** | |
| 10. | **Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон** | |
| 11. | **Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност** | |

**Датум** **Потпис на подносителот**

| | |
|---|---|
| **Пополнува примач на пријавата** | |
| **Архивски број на пријавата** | |
| **Датум на прием на пријавата**<br><br>**_______________2026година** | **Потпис и печат**<br><br>_____________________ |

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5(пет) членови во Управен одбор и 3(три) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод” н.Илинден**

Се објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5(пет) членови во Управен одбор и 3(три) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод” н.Илинден бр.08-2688/34 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/31
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17 и 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) по предлог на Градоначалникот на Општина Илинден , Советот на Општина Илинден објавува:

**Јавен повик**
**За пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5 ( пет) членови во Управен одбор и 3 ( три ) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие „ Водовод“ н.Илинден**

**ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на (5) члена во Управен одбор и 3 ( три) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие „ Водовод“ н.Илинден со седиште на ул.„9 бб Илинден.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Илинден www.ilinden.gov.mk и на веб страната на Јавното комунално претпријатие „ Водовод“ н.Илинден.

**УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

**За член на Управен одбор на ЈКП „ Водовод“ н.Илинден може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:**

• е државјанин на Република Северна Македонија
• има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
• во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на управниот одбор на ЈКП „ Водовод“ н.Илинден треба да имаат и најмалку 5 години работно искуство, и тоа:

– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.
Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на ЈКП „ Водовод“ н.Илинден изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**За член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие „ Водовод“ н.Илинден може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:**

-е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**
Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на управниот односно надзорниот одбор на ЈКП „ Водовод “ н.Илинден:
1. Образец за пријавување ( со назнака за кој одбор се пријавува);
2. Кратка биографија,
3. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
5. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
6. Потврда за евидентиран стаж од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија;
7. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон ;

**ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ**

Постапката за селекција на членовите на управен одбор/надзорен одбор на ЈКП „ Водовод“ н.Илинден се состои од две фази и тоа:

-Фаза 1 – административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и

– Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Илинден,

**РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Јавниот повик се објавува на ден 09.01.2026 година и трае 5 дена дена, односно најдоцна до 13.01.2026 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

Архивата на Општина Илинден, ул.9 бр.38 Илинден со назнака „ За Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор/ Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП „ Водовод“ н.Илинден.

Незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор/надзорниот на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Арх.бр.08-2688/34
Од 29.12.2025г

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Образец за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавното претпријатие | |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење ( улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено образование | |
| 9. | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик ( потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 11. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

**Датум** **Потпис на подносителот**

| | |
|---|---|
| **Пополнува примач на пријавата** | |
| **Архивски број на пријавата** | |
| **Датум на прием на пријавата**<br><br>______________**2026година** | **Потпис и печат**<br><br>____________________ |

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за формирање на Комисија за селекција по Јавен повик за членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден” н.Илинден**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за селекција по Јавен повик за членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден” н.Илинден бр.08-2688/35 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/32
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 17-а став (4) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024) на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Илинден донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за селекција по Јавен повик за членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на финансиско-материјално работење на ЈКП „ Илинден" н.Илинден**

1. Се формира Комисија за селекција по објавен јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5 ( пет) членови во Управен одбор и 3 ( три ) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие „ Илинден" н.Илинден, во следниот состав :

1 **Тихомир Игњатовски-Секретар на Општина Илинден -Претседател**
2 **Саше Ристовски - Заменик претседател- (вработен во општина Илинден)**
3 **Тања Маневска Николовска-член-вработена во одделение за управување со човечки ресурси во Општина Илинден**
4 **Елизабета Михајловска-заменик член – вработена во Општина Илинден**
5 **Елена Тодоровска-член-дипл.правник вработена во ЈКП „ Илинден" н.Илинден**
6 **Миле Атанасовски-заменик член - раководител на Одделение за собирање,транспортирање и депонирање на отпад во ЈКП „ Илинден " н.Илинден**

2. Решението влегува во сила со денот на донесување

**Образложение**

Согласно член 17-а став (4) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) се формира комисија за селекција која е составена од претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите.Комисијата за селекција спроведува административна селекција и интервју со пријавените кандидати врз основа на кои подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг-листа, од најмногу 10 најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на интервјуто.
Донесеното решение да се достави до именуваните членови.

Арх.бр.08-2688/35
Од 22.12.2025г

СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Претседател
м-р Светлана Слезенковска с.р

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за формирање на Комисија за селекција по Јавен повик за членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод” н.Илинден**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за селекција по Јавен повик за членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод” н.Илинден бр.08-2688/36 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/33
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 17-а став (4) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Илинден донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за селекција по Јавен повик за членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на финансиско-материјално работење на ЈКП „ Водовод“ н.Илинден**

2. Се формира Комисија за селекција по објавен јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5 ( пет) членови во Управен одбор и 3 ( три ) члена на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие „ Водовод“ н.Илинден, во следниот состав :

1. **Тихомир Игњатовски-Секретар на Општина Илинден -Претседател**
2. **Саше Ристовски - Заменик претседател- (вработен во општина Илинден)**
3. **Тања Маневска Николовска-член-вработена во одделение за управување со човечки ресурси во Општина Илинден**
4. **Елизабета Михајловска-заменик член – вработена во Општина Илинден**
5. **Камелија Гештаковска Блинџов- член – соработник за правни и административно стручни работи во ЈКП „ Водовод“ н.Илинден**
6. **Зорица Јанеска-заменик член-раководител на одделение за третман на отпадни и атмосферски води ( канализационен) систем во ЈКП „ Водовод“ н.Илинден**

2. Решението влегува во сила со денот на донесување

**Образложение**

Согласно член 17-а став (4) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) се формира комисија за селекција која е составена од претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите.Комисијата за селекција спроведува административна селекција и интервју со пријавените кандидати врз основа на кои подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг-листа, од најмногу 10 најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на интервјуто.
Донесеното решение да се достави до именуваните членови.

Арх.бр.08-2688/36
Од 22.12.2025г

СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Претседател
м-р Светлана Слезенковска с.р

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на надоместок за одржување на јавната чистота**

Се објавува Одлука за утврдување на надоместок за одржување на јавната чистота бр.08-2688/37 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден го донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/34 ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Од 29.12.2025година Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

ж

Врз основа на член 24 од Законот за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21, 255/24 и 101/25), Советот на општина Илинден на 3-та редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на надоместок за одржување на јавната чистота**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува надоместокот за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Илинден.

**Член 2**

Видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката, начинот на вршење на работите, поставување на садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простории пред јавните објекти се утврдуваат со Годишната програма за одржување на јавната чистота.

**Член 3**

За одржување на јавната чистота се плаќа надомест. Висината на надоместокот за одржување на јавната чистота се утврдува врз основа на изграденоста, уреденоста на јавните површини на територијата на општина Илинден и потребата- обемот за одржување на јавната чистота.

**Член 4**

Надоместокот за одржување на јавната чистота за физичките лица – домаќинства за Зона 1 изнесува 100,00 денари.

Надоместокот за одржување на јавната чистота за физичките лица – домаќинства за Зона 2 изнесува 60,00 денари.

**Член 5**

Во зависност од дејноста, местоположбата и уреденоста на јавните површини правните субјекти се поделени во 5 (пет) категори и 2 (две) зони, а цената за извршена услуга по категории и зони, изнесува

• I категорија – зона 1_______________ 150,00 денари

• II категорија –зона 1 ______________ 300,00 денари

• III категорија – зона 1 _____________ 500,00 денари

• I категорија – зона 2_______________ 80,00 денари

• II категорија –зона 2 ______________ 150,00 денари

• III категорија – зона 2 _____________ 250,00 денари

• IV категорија ___________________ 1.000,00 денари

• V категорија ___________________ 15.000,00 денари

Член 6

1. Во I категорија спаѓаат корисниците-објектите кои ги вршат следните дејности: - занатско-услужни дејности: златари, саатчии, ташнари, кројачи, кондураџии, фризери, бербери, козметичари, маникири,и педикири, гравери и клучари и сл;
- продажба и /или одржување на велосипеди;
-канцеларии и слични објекти: адвокати, нотари, книговодители, двд клубови, фотокопирници, агенции за давање на интелектуални услуги, галерии, менувачници и сл;
-градежни и завршни занаетчиски дејности: плочкари, молери, фарбари, електричари, градежни работници, ѕидари, гипсари, фасадери и сл;
-превоз на стоки и патници, такси превозници и сл;
2. Во II категорија спаѓаат корисниците-објектите кои ги вршат следните дејности:
-продажба и / или одржување на моторни возила и моторцикли;
-работилници: бравари, лимари, електричари, стаклари, столари, автомеханичари, автоелектричари, автолимари, вулканизери и автоперални;
- продажба и / или одржување и поправка на предмети за лична употреба и за домаќинства;
-продажба и / или одржување и поправка на земјоделски машини и опрема
-продажба и / или одржување и поправка на компјутерска опрема, прецизни механички и електроника;
- производство и /или продажба на погребна опрема;
-каменорезци, тапетари, машино бравари и сл;
-здравствени установи, стоматолошки ординации, амбуланти и ветеринарни установи;
-образовни установи: приватни училишта и курсеви, автошколи и игротеки;
-трговија со непрехрамбена стока: бутици, книжарници, цвеќари, комисиони, продавница за опрема на домажни миленици;
- производство и /или продажба на леб, бели пецива, кори;
- производство и /или продажба на свежи слатки и слични производи од тесто;
-преработка и / или продажба на чај, кафе и друго;
-преработка и / или продажба на млеко и млечни производи, сладолед и сл. смрзнати производи.
-продажба на тутунски производи (тобако и киосци)
-обложувалници, игри на среќа и сл.
-и други слични дејности.
3. Во III категорија спаѓаат корисниците-објектите кои ги вршат следните дејности:
-трговија со прехрамбена стока и непрехрамбени производи од типот на: маркети, дисконти, колонијални продавници, пиљари, рибарници, месарници;
-угостителски објекти од типот на ресторани, кафулиња, бифеа и пицерии;
-ресторантски услуги, печењари, скари на кило и продавници за брза храна и сендвичари;
-трговија на мало на медицински, фармацефтски, козметички и тоалетни производи;
-трговија на мало на земјоделски препарати и земјоделски аптеки;
- производство и /или продажба на здрава храна;
- производство и /или продажба на сточна храна;
-штампарско-графички услуги;
-и други слични дејности.

4. Во IV категорија спаѓаат – аеродроми, хотели и стопански индустриски објекти кои се наоѓат во индистриските зони во општина Илинден и тоа зона Карагач, Зона за стопанство м.в Трница, м.в Карагач и м.в Долни Ѓулбуш, стопански комплекс Илинден ,индустриска област околу стадионот Илинден и сите локални економски зони.

5. Во V категорија спаѓаат – Тешка и загадувачка индустрија во која спаѓаат сите видови индустриски погони кои имаат големи енергетски барања, голем промет на суровини и материјали, создаваат голем обем на сообраќај и создаваат отпад и штетни еманации (продукти од распаѓање во вид на гас, продукти од испарување, истекување и избивање) и инсталации за складирање на нафта, нафтени деривати, петрохемиски и хемиски производи.

Член 7

Во зона 1 влегуваат физичките лица – домаќинствата и правните субјекти кои се наоѓаат односно чие седиште е во н.м Илинден, Марино и Кадино.

Во зона 2 влегуваат физичките лица – домаќинствата и правните субјекти кои се наоѓаат односно чие седиште се наоѓа во н.м Мралино, Миладиновци, Мршевци, Бујковци, Дељадровци, Бучинци, Текија, Бунарџик и Ајватовци.

Член 8

Утврдениот надоместок за одржување на јавната чистота од членот 4 и членот 5 се плаќа месечно.

Член 9

Данокот на додадена вредност е пресметан во висината на надоместокот.

Член 10

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметката, односно фактурата за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад и се прикажува одвоено на сметката. ЈКП Илинден има обврска да ги евидентира физичките лица – домаќинства и правните субјекти кои имаат обврска за плаќање на надоместокот за јавна чистота согласно оваа Одлука и за истите да достави евиденција до општината. ЈКП Илинден има обврска да изврши уплата на средствата на сметка на општината кои по основ на надоместок за одржување на јавната чистота треба да се соберат месечно од физичките лица – домаќинства и правните субјекти согласно утврдената евиденција од став 2 на овој член. Уплата на средствата од став 3, ЈКП Илинден има обврска да ја изврши во рок од 30 дена по истекот на секој месец.

Член 11

Средствата од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за реализирање на Програмата за одржување на јавната чистота.

Член 12

Со донесување на оваа одлука престанува да важи одлуката за утврдување на надоместок за одржување на јавна чистота бр.07-2187/2 од 24.12.2010 година.

Член 13

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Арх.бр. 08-2688/37
Од  22.12.2025г

Совет на Општина Илинден
Претседател
м-р Светлана Слезенковска с.р

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на согласност на одлука за утврдување на цена на комунална услуга-собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници-домаќинства**

Се објавува Одлука за давање на согласност на одлука за утврдување на цена на комунална услуга-собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници-домаќинства бр.08-2688/38 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/35
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 105 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21 и 3/25), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр. 05/02 и 202/24), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на општина Илинден (Сл. гласник бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл. гласник бр. 12/09), Советот на општина Илинден на 3-та редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на одлука за утврдување на цена на комунална услуга – собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници – домаќинства**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници – домаќинства број 02-300/3 од 17.12.2025 година донесена од Управен одбор на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Архивски број:08-2688/38**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на финансиска помош**

Се објавува Одлука за давање на финансиска помош бр.08-2688/39 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/36
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02) и член 20 став 1 точка 30 од Статуот на Општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10 и 4/22) Советот на општина Илинден на 3-та редовна седницата одржана на ден 22.12.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
### За давање на финансиска помош

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства од Буџетот на општина Илинден за 2026 година заради давање на финансиска помош согласно поднесено барање бр.08-2650/1 од 09.12.2025 година од барател Александар Каранфиловски.

**Член 2**

Финансиската помош за лицето Александар Каранфиловски се дава поради опожарување на неговата куќа во с.Бучинци согласно издадена Потврда од ПО Петровец бр.23.21.9.2.2-1076/1 од 07.08.2025 година

**Член 3**

Финансиска помош во висина од 40.000,00 денари ќе се обезбеди од Буџетот на Општина Илинден за 2026 година Програма Д00-Градоначалник, подставка 413110-тековна резерва а ќе се исплати со посебно решение на трансакциска сметка доставена од подносителот на барањето.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Архивски број 08-2688/39**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на финансиска помош**

Се објавува Одлука за давање на финансиска помош бр.08-2688/40 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/37
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02) и член 20 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10 и 4/22) Советот на општина Илинден на 3-та редовна седницата одржана на ден 22.12.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## За давање на финансиска помош

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства од Буџетот на општина Илинден за 2026 година заради давање на финансиска помош согласно поднесено барање бр.05-2583/1 од 25.11.2025 година од барател Џафер Муаремов ул.11 бр.34 Илинден.

**Член 2**

Финансиската помош за лицето Џафер Муаремов со адреса на живеење ул.11 бр.34 Илинден се дава поради опожарување на неговата семејна куќа на улица 11 бр.34 Илинден согласно издадена Потврда од ПО Петровец бр.23.21.9.2.2-1731/1 од 24.11.2025 година.

**Член 3**

Финансиска помош во висина од 40.000,00 денари ќе се обезбеди од Буџетот на Општина Илинден за 2026 година Програма Д00-Градоначалник, подставка 413110-тековна резерва а ќе се исплати со посебно решение на трансакциска сметка доставена од подносителот на барањето.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Архивски број: 08-2688/40**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев“ на Општина Илинден**

Се објавува Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев“ на Општина Илинден бр. 08-2688/41 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/38 ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Од 29.12.2025година Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 116 став 1 алинеа 8 од Законот за заштита на децата(„Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02 и 202/24), член 20 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Илинден бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.12/09), Советот на општина Илинден на 3-та редовна седницата одржана на ден 22.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев" на Општина Илинден**

**Член 1**

Се дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев" на Општина Илинден, бр.02-65/1 од 07.08.2025 година, усвоен од Управен одбор со Одлука бр.02-67/3 од 11.08.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Архивски број:10-2772/38**
**Датум на донесување: 29.12.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите**

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите бр. 08-2688/42 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/39
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 191 став 2 од Законот за заштита на децата(„Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02 и 202/24), член 20 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.12/09) Советот на општина Илинден на 3-та седница одржана на ден 22.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлука**
**за утврдување на износот на надоместокот на**
**трошоците за престој на деца што паѓа на товар**
**на родителите**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите, арх.број 02-103/3 од 12.12.2025 година, донесена од Управен одбор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ,,Гоце Делчев" .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Архивски број: 08-2688/42**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ„Гоце Делчев“ – Општина Илинден**

Се објавува Одлука за давање согласност на Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ„Гоце Делчев“ – Општина Илинден бр. 08-2688/43 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/40 ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Од 29.12.2025година Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Врз основа на член 191 став 2 од Законот за заштита на децата(„Службен весник на Република Македонија” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02 и 202/24), член 20 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.15/10 и 4/22) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.12/09) Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 22.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ„Гоце Делчев“ – Општина Илинден**

**Член 1**

Се дава согласност на Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ„Гоце Делчев“ – Општина Илинден, арх.број 02-103/4 од 12.12.2025 година, донесен од Управен одбор на Јавна општинска установа за деца Детска градинка ,,Гоце Делчев”.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Архивски број: 08-2688/43**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10 и 4/22), Градоначалникот на Општина Илинден,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучоци против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации**

Се објавуваат Заклучоци против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации бр. 08-2688/44 од 22.12.2025 година што Советот на Општина Илинден ги донесе на 3 (третата) редовна седница одржана на ден 22.12.2025 година.
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

Арх.бр.10-2772/41
Од 29.12.2025година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски с.р

Имајќи ги предвид надлежностите на единиците на локалната самоуправа во заштитата на безбедноста, јавниот ред, квалитетот на животот и стабилноста на локалната заедница;
Имајќи ја предвид чувствителноста на прашањата поврзани со миграцијата и нивното директно влијание врз општините, граѓаните и локалните институции;
Загрижени за појавата на лажни информации, манипулации и дезинформации во јавноста, со кои се создава страв, несигурност и вознемиреност кај граѓаните;
Свесни дека ваквите појави не претставуваат легитимна политичка дебата, туку директно го нарушуваат општествениот мир, довербата во институциите и стабилноста на локалната заедница;
Советот на општина Илинден, на седницата одржана на ден 22.12.2025 година, ги донесе следните

**ЗАКЛУЧОЦИ**
**ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ ЗА МИГРАНТСКИ КАМПОВИ**
**И ПОЛИТИЧКИТЕ МАНИПУЛАЦИИ**

1. СЕ ОСУДУВА лажната кампања и манипулативното дејствување на опозициски политички субјекти, преку кои во јавноста се пласираат невистини и инсинуации за наводно прифаќање мигранти или изградба на мигрантски кампови на територијата на општините.

2. СЕ КОНСТАТИРА дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојството во локалните заедници.

3. СЕ ПОТВРДУВА дека на територијата на општина Илинден нема, ниту било побарано, ниту е договорено, ниту ќе биде дозволено воспоставување мигрантски кампови, прифатни центри или какви било трајни форми на сместување мигранти.

4. СЕ УТВРДУВА дека со овие заклучоци се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно прифаќање мигранти или изградба на кампови, и се потврдува јасна и непроменлива политика против нелегалната миграција, во интерес на безбедноста на граѓаните.

5. СЕ ИЗРАЗУВА поддршка на политиките на Владата насочени кон спречување на нелегалната миграција, заштита на државниот суверенитет и обезбедување стабилност и безбедност во локалните заедници.

6. СЕ ИСТАКНУВА дека меѓуетничките односи, стабилноста, толеранцијата и меѓусебното почитување се темелни вредности на локалната заедница и дека секое неодговорно политичко дејствување кое може да ги наруши овие односи претставува сериозна закана за општествената кохезија.

7. СЕ ПОВИКУВААТ сите политички субјекти, јавни функционери и јавни чинители да покажат одговорност во јавниот говор, да ги почитуваат фактите и да се воздржат од ширење лаги и манипулации кои можат да предизвикаат страв, тензии и нарушување на јавниот ред во општината.

8. ОВИЕ ЗАКЛУЧОЦИ претставуваат јасна порака до граѓаните дека Советот на Општина Илинден стои цврсто во заштита на нивната безбедност, мирниот живот и стабилноста на нашата локална заедница.

9. Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овие заклучоци ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на општината, како и преку останатите официјални канали за комуникација на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во изминатиот период, во јавноста и меѓу граѓаните на општините се пласираа лажни сценарија и политички манипулации поврзани со наводно прифаќање мигранти и изградба на мигрантски кампови. Овие тврдења, кои не се засноваат на никакви факти или реални одлуки, предизвикаа вознемиреност, страв и чувство на несигурност кај дел од населението.

Прашањата поврзани со безбедноста, јавниот ред, стабилноста и квалитетот на животот имаат директно влијание врз локалните заедници и се од суштинско значење за работата на општинските институции. Затоа, Советот на општината има обврска јасно и недвосмислено да реагира кога преку дезинформации и политички конструкции се создава паника кај граѓаните и се нарушува општествениот мир.

Со овие заклучоци, Советот испраќа јасна порака дека на територијата на општината нема, ниту било, ниту ќе има воспоставување мигрантски кампови или трајни форми на сместување мигранти. Истовремено, се става крај на сите шпекулации и лажни сценарија што се користат за дневнополитички цели, на штета на граѓаните и локалната стабилност.

Дополнително, со усвојувањето на заклучоците се осудува неодговорниот јавен говор и политичките манипулации кои можат да ги нарушат меѓуетничките односи, толеранцијата и соживотот во општината – вредности кои претставуваат темел на локалната заедница и мора да бидат заштитени од секоја форма на злоупотреба.

Заклучоците претставуваат и израз на поддршка на политиките насочени кон спречување на нелегалната миграција, како и јасна определба на општината да стои во заштита на безбедноста, мирниот живот и интересите на своите граѓани.

Со ова образложение, Советот на општината ја потврдува својата одговорност да реагира навремено, јасно и транспарентно, секогаш кога локалната заедница е изложена на дезинформации, страв и политички манипулации.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Светлана Слезенковска с.р**

**Архивски број:08-2688/44**
**Датум на донесување: 22.12.2025г.**